Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Филозофски факултет - Скопје
Студиска програма: психологија

# ПЕРЦИПИРАНО ПРИФАЌАЊЕ ОД ДРУГИ, СЕБЕПРИФАЌАЊЕ И ПРИФАЌАЊЕ НА ДРУГИ КАЈ МАЖИ И ЖЕНИ СО ХОМОСЕКСУАЛНА И ХЕТЕРОСЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Студент: Вера Ефтимовска, 4742/14

Ментор: Проф. Др. Николина Кениг

Скопје, 2018 година

**СОДРЖИНА:**


ВОВЕД ..... 1

Истражувачки проблем и цели на истражувањето ..... 4

ТЕОРИСКА ПОЗАДИНА ..... 5

Дефинирање на сексуалната ориентација ..... 5

Сексуалните малцинства низ историјата ..... 7

Полови разлики во сексуалната ориентација ..... 11

Хетеронормативност ..... 15

Есенцијализмот, социјалниот конструктивизам и сексуалната ориентација ..... 17

Перцепирано прифаќање од други ..... 24

Себеприфаќање ..... 27

Прифаќање на други ..... 31

РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА ..... 33

Истражувачки хипотези ..... 42

МЕТОД ..... 46

Испитаници ..... 46

Мерни инструменти ..... 47

Постапка ..... 51

Статистичка обработка на податоците ..... 52

РЕЗУЛТАТИ ..... 53

ДИСКУСИЈА ..... 67

РЕЗИМЕ ..... 80

SUMMARY ..... 83

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ..... 86

ПРИЛОЗИ ........ 99

Прилог 1 ........ 99

Прилог 2 ........ 102

Прилог 3 ........ 105

# ВОВЕД

Иако човековата сексуалност како тема во психологијата зема поголем замав во последните 50тина години, сепак сексуалноста е сегмент од човековата личност кој науките и уметностите се обидувале да го доловат, односно објаснат со векови. Еден сегмент од сексуалноста кој е се поактуелен е сексуалната ориентација. Трите најчесто дискутирани категории се: хетеросексуалната, хомосексуалната и бисексуалната ориентација, иако во поново време кон овие три се додаваат и нови, како на пример асексуалност и сапиосексуалност.

Хомосексуалноста, односно сексуалната привлечност кон лица од ист пол, историски гледано е појава која може да се најде низ скоро сите култури во скоро сите временски периоди. Тоа што се менува е како на неа се гледа, односно како е дефинирана со моралните норми, односно прифатена во даденото место/временски период/култура.

Во последните 50тина години, со сексуалната револуција, како и развојот на општествата во насока на демократизација и почитување на човековите права, започнуваат и бројните движења за прифаќање на нехетеросекуалците, како и борбата за еднакви права на луѓето со различна сексуална ориентација. Така, и психологијата почнува да обрнува поголемо внимание на оваа тема, а со тоа почнуваат бројните истражувања кои опфаќаат најразлични аспекти на сексуалната ориентација. Сепак, кога станува збор за оваа тема, доминираат оние истражувања кои се обидуваат да го објаснат развојот на хомосексуалниот идентитет (Cass, 1979; Troiden, 1989; Rosario, 2006) како и оние кои ги истражуваат различните аспекти на виктимизацијата и последиците од истата, со кои се соочува оваа група (Hershberger & D'Augelli, 1995; Huebner et al., 2004; Mereish et al., 2014).

Нехетеросексуалците, како и повеќето групи кои по некоја одлика се разликуваат од мнозинството се често неприфатени од истото, што може да се види од бројните чинови на дискриминација со која тие како маргинализирана група секојдневно се

соочуваат. Неприфаќањето е поврзано со бројни фактори, но како еден од најголемите, барем кога станува збор за прифаќање/неприфаќање на лицата со различна сексуална ориетација би се издвоил полот.

Кога станува збор за испреплетеноста на полот и сексуалната ориентација, како и неприфаќањето, односно дискриминацијата, поимот што ги обединува сите овие работи во современото општество е хетеронормативноста. Хетеронормативноста е систем на верување според кој хетеросексуалноста е единствена нормална и природна експресија на сексуалноста. Овој систем на верување вклучува и очекувања од аспект на родовите улоги и родовиот идентитет. Испреплетеноста на полот и сексуалноста, од аспект на хетеронормативноста оди во следната насока. Кога станува збор за мажите, неконформирањето кон родовата улога, претставува закана за губење на маскулината хетеросексуална привилегија, додека за жените неконформирањето кон родовата улога генерира претпоставки за нивната сексуална достапност и привлечност кај мажите (Nielsen, Walden & Kunkel, 2000). Лаички кажано, доколку лицето од машки пол не се однесува “машки”, тогаш околината ќе претпостави дека тој е со хомосексуална ориентација, додека доколку лицето од женски пол не се однесува “женски”, тогаш околината веројатно ќе претпостави дека таа е промискуитетна. Хетеронорматинвноста исто така го подразбира и “природниот ред” на женственоста како подредена и машкоста како доминаната (Brown & Tappan, 2008). Па така, мажите хомосекуалци се почесто дискриминирани и жртви на насилство, отколку женските хомосексуалци (Herek, 1988; Kite & Whitley 1996).

Какви се ставовите на оппттетвото, односно на мнозинството кон сексуалната ориентација е од огромно значење, пред сѐ затоа што негативните ставови кон хомосексуалноста придонесуваат кон влошено ментално здравје кај нехетеросексуалците. Можат да се распознаат два начина на хомофобија, односно хетеросексизам. Првиот начин е преку отворено малтретирање и дискриминирање на нехетеросексуалците од страна на хетеросексуалците, односно надворешен хетеросексизам. Додека вториот начин е интернализиран хетеросексизам – несвесно прифаќање на негативните ставови за хомосексуалноста од страна на самите хомосексуалци (Szymanski & Mikorski,

2016). Надминувањето на интернализираната хомофобија всушност се смета за показател на достигнување на повисоките фази на развој и себеприфаќање кај нехетеросексуалната особа (Cass, 1979).

Стручната и научна литература, како и истражувањата покажуваат дека полот и родот, како и ставовите на општеството се важен сегмент во сите аспекти на прифаќањето на нехетеросексуалците (Floyd et al., 1999; Balsam, Beauchaine, Mickey & Rothblum, 2005; Dane & MacDonald, 2009). Подоброто разбирање на поврзаноста на аспектите на прифаќањето – прифаќање на други, прифаќање од други и себеприфаќање, како и полот и сексуалната ориентација може да доведе до подигнување на свеста на хетеросексуалците за потребата од јавно давање на поддршка, како и кон изнаоѓање на стратегии и програми за подобрување на менталното здравје.

## Истражувачки проблем и цели на истражувањето

Со бројните движења за човекови права во демократските општества, како и со зголемената видливост на нехетеросексуалците во масовните медиуми и во јавноста воопшто, сè почесто се отвараат прашања за подобрување на добросостојбата на нехетеросексуалците која не е оптимална поради предрасудите и дискриминацијата вперена кон нив. Во општество кое со години се наоѓа во транзиција, какво што е нашето, јасна е важноста за борбата за заштита на правата на маргинализираните групи. Нехетросескуалците се една од овие групи, на кои е потребно да се обрне поголемо внимание, во аспект на истражување на нивните мислења, ставови, потреби, со цел подобрување на нивната состојба.

Бројот на организации и активисти кои пробуваат да го подобрат животот на нехетеросексуалците расте со текот на годините. Иако расте и бројот на истражувањата на оваа тема во Македонија, сепак со оглед на важноста на прашањето, овој број треба да се зголеми. Во ова истражување ќе се разгледа поврзаноста на различните аспекти на прифаќањето во однос на полот и сексуалната ориентација, следствено се поставува следниот истражувачки проблем: *Дали постои поврзаност помеѓу перцепираното прифаќање, себеприфаќањето, прифаќањето на други, полот и сексуалната ориентација?*

Со ова истражување се утврдува дали полот и сексуалната ориентација се поврзани со различните аспекти на прифаќањето. Фокусот на истражувањето е на степенот на кој мажите и жените со хомосексуална и хетеросексуална ориентација кои живеат во Скопје се разликуваат во различните аспекти на прифаќањето, односно степенот на перцепирано прифаќање од други, себеприфаќање и прифаќање на други.

# ТЕОРИСКА ПОЗАДИНА

## Дефинирање на сексуалната ориентација

Според Прирачникот за психолошка практика со лезбејки, геј и бисексуални клиенти, усвоен од АПА[1] (APA ,2012), сексуалната ориентација се дефинира преку полот на оние кон кои личноста е сексуално или романтично привлечена. Категориите на сексуална ориентација типично вклучуваат привлечност кон припадници на сопствениот пол (па така, се разликуваат геј лица и лезбејки), привлечност кон припадници на спротивниот пол (хетеросексуалци), и привлечност кон припадници на двата пола (бисексуалци). Иако оваа дефиниција делува јасно, сепак дефинирањето на секусалната ориентација не е толку едноставно.

Полот, родот и сексуалната ориентација се често поврзани и испреплетени концепти, меѓу кои треба да се направи разлика со цел подобро да се разберат. За нивната поврзаност може и да ја погледнеме најпопуларната кованица поврзана со нехетеросексуалците - ЛГБТ+[2]. Во најчестата кованица – ЛГБТ се сплотени малцинствата, без разлика дали станува збор за лица кои се разликуваат по сексуалната ориентација – ЛГБ, или трансродови лица, кои се разликуваат по родовиот идентитет, а можат да бидат со било каква сексуална ориентација (хетеросексуална, хомосексуална или бисексуална).

Проблемот со дефинирањето започнува со самото тоа што сексуалната ориентација се дефинира преку полот на оние кон кои личноста е сексуално или романтично привлечена. Не во сите случаи сексуалната и романтичната привлечност се насочени кон истата особа. Така, на пример една женска особа може да биде вљубена во особа од машки пол (романтична привлечност), а да има

---

[1] American Psychological Association

[2] LGBT+ (ЛГБТ) се користи како кратенка за L.G.B.T.Q.Q.I.A (lesbian, gay, bisexual, transgender, queer, questioning, intersex, asexual) – лезбејки, геј, бисексуалци, трансродови, квир, неопределени , интерсекс, асексуалци.

сексуални фантазии за особа од женски пол (сексуална привлечност). А уште поголемиот проблем е што не секогаш привлечноста подразбира и акција. Може да се запрашаме дали под хомосексуална особа ќе ги вклучиме оние особи што се романтично или сексуално привлечени кон истиот пол, но се на пример сексуално активни со спротивниот пол? Истото прашање важи и во обратната насока – дали ќе третираме како хомо или како хетеросексуалец лице кое е секуално активно со лица од сопствен пол (на пример, во затворски услови), а преференцијата му е насочена кон лица од спротивниот пол.

Кога станува збор за дефинирањето на сексуалната ориентација можат да се издвојат четири поврзани аспекти кои концептуално и емпириски се разликуваат. Првиот аспект е сексуалното однесување, кое се состои од сексуални интеракции помеѓу луѓе од ист пол, од различен пол или со двата пола. Вториот е сексуалниот идентитет, кој го подразбира себе-концептот на личноста, кој може да биде хомосексуален, бисексуален или хетеросексуален. Третиот аспект е степенот на сексуална привлечност кон истиот, различниот пол или двата пола. Последниот аспект е релативнато физиолошко сексуално возбудување кон мажи наспроти жени , кое што е поповрзано со другите аспекти кај мажите, отколку кај жените. Иако често овие четири аспекти на сексуалната ориентација (однесување, привлечност, идентитет и возбудување) имаат тенденција да имаат иста насоченост, тоа не е секогаш случај (Bailey et al, 2016).

Може да се заклучи дека сексуалната ориентација е комплексна појава, со што следи претпоставката дека таа не треба да се дели категоријално, туку дека сексуалната ориентација всушност претставува континуум. Еден од најчестите цитати кој се бави со ова прашање е следниот:

"*Луѓето не претставуваат две одделни популации, хетеросексуалци и хомосексуалци. Светот не треба да се дели на овци и кози. Не сите работи се црни или бели. Основа на таксономијата е дека природата ретко се дели на одделни категории.... Живиот свет е континуум во секој аспект*" (Kinsey, Pomeroy & Martin, 1948, p. 639).

Развивањето на Кинсиевата Скала и Клаиновата решетка на сексуална ориентација[3] се земаат како голем напредок во полето на човековата сексуалност (Galupo, Mitchell, Grynkiewicz & Davis, 2014). Обете скали се дизајнирани за објективно да ја евалуираат сексуалната ориентација и се базирани на истражувања на искуствата на индивидуи кои се дел од сексуалното малцинство.

Скалата за хетеросексуално-хомосексуално рангирање[4], попозната како Кинсиева Скала која била развиена од страна на Кинси (Kinsey, Pomeroy & Martin, 1948), претставува еден од првите обиди да се претстави различноста и флуидноста на сексуалната ориентација. Скалата била базирана на бројни интервјуа со лица кои припаѓаат не сексуалните малцинства, а нејзината намера била да илустрира дека сексуалноста не треба да се дели во дихотоми категории, туку дека сексуалната ориентација е континуум меѓу два екстрема – хомосексуална и хетеросексуална ориентација и може да се смени со текот на времето.

Клаиновата решетка на сексуална ориентација, развиена од Фриц Клаин (Klein, Sepekoff & Wolf, 1985), е уште еден обид да се истражи комплексноста на сексуалната ориентација. Клаин бил посебно заинтересиран за индивидуите кои ги привлекува повеќе од еден пол, и пробал да отиде еден чекор подалеку од Кинси. Така, Калиновата решетка зема во предвид седум домеини на сексуалноста во три различни аспекти – минато, сегашност и идеален (посакуван) избор на сексуален партнер/ка.

## Сексуалните малцинства низ историјата

Иако последните децении нехетеросексуалноста е сè повидлива, сепак бројните историски списи ни покажуваат дека таа не е нова појава. Привлечноста кон истиот пол, како и стапувањето во сексуални односи со истиот пол се појави кои

[3] Klein Sexual Orientation Grid (KSOG)
[4] The Heterosexual-Homosexual Rating Scale

можат да се забележат долж историјата, како и низ различните простори и не само во западното општество. Тоа што се разликува низ времето и просторот, кога станува збор за нехетеросексуалноста е третманот кој го добивале оние кои ја практикувале (Esterberg 1994; Peplau, 2001; Broqua, 2013; Ilikbaev, 2017).

Кога станува збор за нехетеросексуалноста низ историјата, важно е да се напомене дека како и поголем дел од историјата и на оваа тема, внимание се обрнувало скоро исклучиво на мажите, па така активностите кои се случувале помеѓу жените често недостасуваат од пишаната историја (Trumbach, 1977; Risman & Schwartz, 1988; Auchmuty, Jeffreys & Miller, 1992). Исто така во старите општества и цивилизации ретко се среќавало исклучиво хомосексуално поведение, како што е случај со модерното општество. Во минатото често се среќаваат лица кои сексуално општеле со двата пола, па така историјата на хетеросексуалноста всушност на некој начин станува историја на бисексуалноста (Врангалова, 2006).

Првата асоцијација на повеќето луѓе кога станува збор за нехетеросексуалното однесување низ историјата веројатно би била Античка Грција. Книжевните дела, ликовната уметност, како и митовите од претикласичниот период (околку 12 век п.н.е), па се до крајот на хеленската доминација (околку 4 век п.н.е) сведочат за прифатеноста на нехетеросексуалното однесување (Врангалова, 2006, Ilikbaev, 2017).

Историјата укажува дека голем дел од мажите во раната хеленска култура биле претежно бисексуални, но под нивната бисексуалност подразбираме практикување сексуални односи со двата пола. Во овој период, од машките деца во текот на школувањето се очекувало да формираат блиски врски со своите ментори, кои често биле и сексуални. Во оваа врска од менторот се очекувало да биде активниот партнер (оној што пенетрира), додека од ученикот се очекувало да биде пасивниот (рецептивен) партнер во сексуалната врска. Прифатеноста на нехетеросексуалноста ги вклучувала овие односи, но оние кои ја задржувале пасивната улога во зрелоста, или оние мажи кои не сакале да се оженат и останувале во хомосексуални врски биле отфрлани и маргинализирани (Врангалова, 2006; Laios et al., 2017).

Со создавањето на богатиот трговски слој во Античка Грција, жените добиле поголем статус и почнале да формираат свои друштва, во кои се воспевале уметноста, убавината и образованието. Токму овие друштва биле подлога за развивањето на лезбејските врски. Првите пишани податоци можат да се најдат кај поетесата Сафо, која живеела на островот Лезбос на преминот помеѓу 7 и 6 век п.н.е. Стиховите на оваа поетеса биле исполнети со љубов кон жените, но и кон мажите, значи кај мажите и жените во поглед на сексуалноста во тоа време важеле истите правила (Coombs, 1996; Врангалова, 2006).

Во подоцнежниот период (5 век п.н.е.) почнале да се величат хомосексуалните врски, па дури и на хомосексуалноста да се гледа како на нешто повредно од хетеросексуалноста. Овие промени најдобро можат да се видат во делото Гозба од Платон (Groneberg, 2005; Врангалова, 2006).

Римското царство, помеѓу другото, од Античка Грција ги наследило и ставовите кон нехетеросексуалноста. Сексуалните односи биле гледани низ призмата на моќ и општествен статус, па на возрасниот Римјанин како сексуални партнери освен сопругата му биле достапни и робовите и проститутките од двата пола, но тој секогаш ја имал активната улога (Verstraete, 1980; Врангалова, 2006).

Со доаѓањето на христијанството (337 година) се менуваат ставовите кон нехетеросексуалноста, но и сексуалноста воопшто. Христијанската философија пропагира потиснување на телесните потреби, меѓу кои и сексуалноста, и пропагира сексуални односи единствено со цел за создавање потомство. Разбирливо, хомосексуалните односи, кои немаат никаква прокреативна цел, биле неприфатени и осудувани. Иако императорот Јустинијан, во неговиот познат законик од 529 година вовел смртна казна за оние кои практикуваат сексуални односи со истиот пол, сепак под влијание на Стариот Рим, бројните "варварски" племиња, и неконкретните христијански закони во тој период, нехетеросексуалното однесување било толерирано (Врангалова, 2006; Records, 2010).

Во 12 и 13 век христијанството станало религија со строго дефинирани и унифицирани закони за живеење. Со тоа, практикувањето сексуални односи со

лице од ист пол почнало да се смета за еден од најголемите гревови – содомија. Иако овој тип на односи биле осудувани и казнувани, за што меѓу другото сведочат и бројните луѓе кои биле казнувани за ваквите односи, тие не престанале (Gilbert, 1981; Врангалова, 2006).

За време на ренесансата и просветителството (15 и 16 век), доаѓа до урбанизација, односно создавање на образована средна класа, што пак овозможило поотворена манифестација на нехетеросексуалноста. Во поголемите градови како Фиренца, Венеција, Париз, Лондон и Амстердам можат да се видат и зародишите на денешната геј супкултура. Иако оваа супкултура во 18 век и почетокот на 19 век се развивала, кривичното гонење на хомосексуалците станувало сè поактуелно, а на места и биле формирани полиции на моралот чија задача била да ги наоѓаат и казнуваат хомосексуалците (Trumbach, 1977; Врангалова, 2006).

Жените пак во овој период ги покажуваат своите истополови склоности на друг начин. Тие најчесто формирале врски со своите пријателки, кои ги содржеле сите елементи на љубовна врска – емоционална поврзаност, поминување на поголемиот дел од времето заедно, споделување, како и физичка блискост, но гениталниот сексуален контакт отсуствувал. Во САД ваквите врски биле нарекувани Бостонски бракови. Зародишите на раната лезбејска супкултура се сретнуваат во Париз, Амстердам, Даблин и Лондон, а жените во овие кругови функционирале како тип на ликовни, уметнички, а подоцна и феминистички друштва (Peplau, 2001; Врангалова, 2006).

Во втората половина на 19 век, со развојот на медицината како наука, хомосексуалноста поминала од криминално дело за кое треба да следува казна, во медицинска состојба, односно болест која што треба да се лекува. Во овој период во Германија се појавуваат и првите геј активисти кои активно работеле до 30тите години од 20 век – победата на национал-социјалистичкото движење. Познати активисти од тоа време се психијатарот Крафт-Ебинг, правникот Карл Хајнрих Улрихс, како и докторот Магнус Хиршфилд кој во 1897 ја формирал првата

организација за права на хомосексуалците – Научно-хуманитички комитет[5]. Членовите на овој комитет спровеле голем број на истражувања за сексуалноста , кои ги презентирале во првото научно списание посветено на овие теми, кое тие го издавале од 1899 година (Врангалова, 2006; Drescher, 2015).

По Втората светска војна предводници на активизмот и истражувањата на сексуалноста стануваат САД. Првата геј организација – Друштвото Матачани (Mattachini Society) се формира во Лос Анџелес во 1950 година, а подоцна и првата лезбејска организација – Ќерките на Билитис (Daughters of Bilitis). И покрај ова, сè до 70тите години нехетеросексуалците во САД биле дискриминирани во секој поглед. Од 1970, со депатологизирањето на хомосексуалноста, ваквите ставови се менуваат, и почнуваат да се носат закони кои ги заштитуваат нехетеросексуалците од дискриминација (Esterberg, 1994; Врангалова, 2006).

Нехетеросексуалните односи се среќаваат долж историјата и кај незападните општества. Всушност, во голем дел од незападните општества нехетеросексуалните односи биле прифатени, што во голема мера се сменило со вестернизацијата, односно доаѓањето на Европејците, кои ги наметнале и своите морални норми. Нехетеросексуалните односи во незападните општества биле прифаќани доколку лицата кои се впуштале во истите не ги запоставувале своите хетеросексуални обрвски (Кина, Јапонија), а често биле дел од религиозни обреди (Месопотамија, Меланезија). Во незападните општества низ историјата популарни биле и машките проститутки (Јапонија), а се среќавале и транвестити (Полинезија, Индија, Мадагаскар, бројни Индијански и Африкански племиња) (Trumbach, 1977).

## Полови разлики во сексуалната ориентација

Спроведени се бројни истражувања за разликите помеѓу машката и женската сексуалност, односно нивната сексуална ориентација (Regan & Berscheid, 1996;

[5] Wissenschaftlich-humanitäres Komitee, WhK

Baumeister, 2000; Lippa, 2006; Bailey, 2009; Bailey et al., 2016). Од овие истражувања, станува сè појасно дека мажите и жените ги избираат своите партнери од различни причини. Се смета дека жените имаат поголема еротска пластичност, во споредба со мажите, што значи дека на сексуалната желба кај жените поголемо влијание имаат социјалните, културните и ситуациските фактори (Baumeister, 2000). Дајмонд (2008 според Bailey, 2009) заклучува дека сексуалната желба кај жените е пофлуидна отколку сексуалната желба на мажите, таа е помалку ригидна кога станува збор за насоченоста кон одреден пол и е променлива со текот на времето, зависно од фактори како што е романтичната приврзаност.

Истражувањата покажуваат дека еден од веројатните примарни механизами одговорен за овие разлики се всушност разликите во начините на сексуално возбудување помеѓу мажите и жените. Резултатите на овие истражувања покажуваат дека сексуалното возбудување кај мажите, но не и кај жените се јавува во специфични категории, што значи дека е полово специфично, односно мажите сексуално се возбудуваат кога станува збор за еден пол, а не за другиот. На пример, скоро сите мажи кои се идентификуваат како хомосексуалци се сексуално возбудени само од машкиот пол. Но ова не е случај со жените, чија насока на возбудување претежно е бисексуална, а со тоа и ирелевантна при одбирањето на партнер. Значи, жените кои се идентификуваат како лица со хетеросексуална ориентација имаат тенденција да се подеднакво сексуално возбудени од лица и од машки и од женски пол. Следи дека примарниот сексуален мотиватор кај машкиот пол е токму сексуалната возбуденост, која во нивниот случај е категоријална, односно насочена кај еден пол, со што може да се каже всушност и претставува неговата сексуална ориентација. Кај жените сексуалната возбуденост не е определена од полот, туку од самата сексуална активност, што е поткрепа за менливоста и флуидноста на женската сексуална ориентација (Chivers, Reiger, Latty & Bailey, 2004; Chivers, Seto & Blanchard, 2007).

Голем број теоретичари тврдат дека женската сексуалност е флуидна, непостојана и може да се промени со текот на времето. Гореспоменатата студија на Баумајстер нуди докази дека еротската пластичност е покарактеристична за

жените во споредба со мажите. Тој ја дефинирал пластичноста како степен во кој сексуалниот нагон кај особата може да биде обликуван или изменет од културни, социјални и ситуациски притисоци. Важно е да се споменат трите претпоставки на Баумајстер за флуидноста на женската сексуалност. Прво, одредено ниво на еротска пластичност овозможува жените да бидат привлечени кон двата пола, а не исклучиво само кон еден. Пластичноста исто така би им дозволила на лицата од женски пол да сменат аспекти на нивната сексуалност, односно да ја сменат нивната сексуална ориентација низ текот на животниот век. Постојат значајни докази дека вакви промени на сексуалната ориентација кај жените се случуваат, но пластичноста на женската сексуалност не значи дека промени на сексуалната ориентација ќе се случат кај повеќето жени. Втората претпоставка е дека доколку женската сексуалност е пластична и менлива, тогаш таа може да биде обликувана од бројни социјални и ситуациски влијанија. Баумајстер покажал дека во САД факторите како што се образование, религија и акултурација имаат поголемо влијание на аспекти на женската, во споредба со машката сексуалност. Така, жените со дипломи од високо образование е значително поверојатно дека би искусиле орален или анален сексуален однос, да имале сексуални активности со ист пол, како и да користат апчиња за контрацепција кога е потребно, во споредба со жените со диплома од средно образование или пониско. За разлика од жените, кај мажите со различни нивоа на образование не биле најдени значајни разлики во сексуалната пластичност. Кога станува збор за религијата, порелигиозните жени помалку се впуштале во претходно споменатите активности, за разлика од нерелигиозните жени, додека повторно, кај мажите не биле најдени разлики (Baumeister, 2004). Друга поткрепа на оваа претпоставка е тоа дека со активната вклученост во феминистичкото движење во 1970тите, некои жени сексуалните односи со мажи ги замениле и оствариле врски со жени, односно повеќето од овие нови (претходно хетеросексуални) лезбејки, го направиле својот избор пред сè врз база на политички интереси (Perlman, 1987). Третата претпоставка е за конзистентноста помеѓу ставовите и однесувањето, односно со променливоста на женското однесување врз база на ситуациски сили, се претпоставува дека жените, во споредба со мажите, би правеле повеќе работи спротивни на нивните генерални ставови (Baumeister, 2000).

Друга разлика помеѓу половите, кога станува збор за сексуалноста, е дека жените општо земено имаат ориентација насочена кон партнерот, односно насоченост кон врската, додека мажите имаат рекреациона, односно ориентација насочена кон телото (Baldwin & Baldwin, 1997). Се претпоставува дека ваквата насоченост се јавува и кај лицата со нехетеросекуална ориентација. Откриено е дека жените се помалку отворени од мажите кога станува збор за инцидентни сексуални односи кога не се во врска (Oliver & Hyde, 1993). Се претпоставува дека сличен е и случајот кај нехетеросексуалците, земајќи ја во предвид поголемата достапност на инцидентни сексуални односи кај мажите со хомосексуална ориентација, како и извештаите за поголем број на сексуални партнери кај мажите, за разлика од жените со хомосексуална ориентација (Peplau, 2001).

Во една студија во која хетеросексуални лица ја дефинирале сексуалната желба, се забележало дека мажите го "сексуализираат", а жените го "романтизираат" искуството на сексуална желба (Regan & Berscheid, 1996). Особите со машки и женски пол исто така се разликуваат и по причините заради кои би стапиле во сексуални односи. Во една студија, каде примерок биле хетеросексуалци кои се во врска или во брак, жените велеле дека посакуваат интимност од сексуалната средба, тие сексуалниот однос го гледале како изразување на чувства кон личноста со која се во сериозна врска (Hatfield et al., 1989). За разлика од жените пак, мажите како цел на сексуалниот однос ја нагласиле физичката гратификација, тие сакале сексуална разноликост и иницијатива од страна на партнерот. Слични разлики биле забележани и во студија со нехетеросекуалци (Leigh, 1989).

Може да се заклучи дека за повеќето жени сексуалноста е блиску поврзана со интимните врски, односно фокусот е насочен кон љубовта и интимноста. Оттука произлегува дека можеби сексуалната ориентација кога станува збор за половите не може да се дефинира на истиот начин. Може да се каже дека женските хомосексуални врски се само делумно фокусирани на сексуалноста, а примарно се фокусирани на љубовта, пријателство и взаемно помагање. Истото може да се посочи на женските врски со мажите, сексуалните и еротските задоволства можат да бидат важен дел во врските, но кога станува збор за жените сексуалниот однос

не е секогаш оној што ја дефинира врската. Може да се претпостави дека нагласувањето на сексуалниот однос како клучен дел од определувањето на сексуалната ориентација е наследство на науката која низ историјата е фокусирана на мажите и нивниот начин на размислување (Peplau, 2001).

## Хетеронормативност

Терминот "хетеронормативност" е широко користен во модерната наука и теорија за да опишат социо-правни, културолошки, организациски и интерперсонални практики кои произлегуваат и се поткрепени од претпоставки за полот и родот кои не се базираат на факти, туку се земени 'здраво за готово'. Хетеронормативноста ги вклучува претпоставките дека има само два пола, дека е "нормално", односно "природно" луѓето да ги привлекуваат луѓе од спротивниот пол, дека оваа привлечност може да биде претставена во јавност, како и да биде славена, дека социјалните институции како брак и семејство се организирани околу парови од различен пол, како и дека паровите од ист пол се ако не девијантни, тогаш во најдобра рака варијација или алтернатива на хетеросексуалната двојка. Хетеронормативноста може да се види во активностите на луѓето, а не само во нивните верувања, вредности, идеологии или вери. Она што ја прави хетеронормативноста комплексна е што не се нужни предрасуди или конкретна намера да се дискриминираат нехетеросексуалците, туку како и другите социјални норми таа се гледа ендогено, во деталите на однесувањето (Kitzinger, 2005).

Хетеронормативноста стана еден од клучните концепти во студиите на нехетеросексуалноста и родот уште од раните 1990ти. Терминот прв пат бил искористен 1991 во статија од Мајкл Ворнер (Warner, 1991). Се претпоставува дека концептот на хетеронормативност потекнува од вториот бран на феминизмот, а посебно е силна поврзаноста со пол/род системот на Гејл Рубин, која во 1970тите формулираше критичка теорија за размената на жените и пол/род системот. Теоријата на Рубин (Rubin, 1984) всушност претставува критика на Марксовата

теорија, односно неговиот фокус на економскиот систем и производството. Таа идентификува систем на хиерархиски релации помеѓу мажите и жените и навлегува во тоа како репресијата на жените води до репресија на поинаквите сексуалности и идентитети. Таа смета дека феминистичката револуција треба не само да ги ослободи жените, туку и личноста на луѓето од наметнатите родови норми.

Концептот хетеронормативност понекогаш се користи и за да се опишат бројни норми кои го определуват начинот на живот на индивидуите, како и тенденцијата на луѓето да репродуцираат дистинктивни и комплементарни родови. Хегемонистичката маскулиност и хомосоцијалноста се слични концепти, кои како и хетеронормативноста се користат за анализирање на опресирачки системи и тие придонесуваат во разбирањето на родовите структури и хиерархии. Хетеронормативноста како концепт се користи не само за дефинирање на општествени структури, туку понекогаш има примена и во опишување на структурите на секојдневниот живот. Така од критика за подвоеноста на родот и родовата хиерархија, преминува во критика на начините на организирање на семејство, сексуалност и начин на живот (Herz & Johansson, 2015).

Во едно истражување хетеронормативноста е дефинирана како "општествен хиерархиски систем кој привилегира и санкционира индивиуи врз база на претпоставена бинарност на родот и сексуалноста; како систем дефинира и наметнува верувања и практики за тоа што е "нормално" во секојдневниот живот" (Russell, McGuire & Russell, 2012, p.188). Така, хетеронормативноста може да се претстави како систем кој што ги осудува и казнува луѓето кои што не припаѓаат во системот или пак кои не се однесуваат според нормите што се сметаат за прифатливи во наметнатиот општествен вредносен систем.

Со хетеронормативноста во секојдневниот живот се среќаваме преку разговор, но и преку рутинските дневни активности на индивидуите, во кои се преплетуваат родот, сексуалноста и хетеросексуалноста. Како една од главните карактеристики на хетеронормативноста може да се земе родовата асиметрија, која се јавува во различни форми. Во секојдневието на жените е нивното често евалуирање во

поглед на нивната сексуална достапност/привлечност од страна на мажите (Fredrickson & Roberts, 1997). Но, додека женственоста е скоро секогаш изедначена со хетеросексуална привлечност и семејните способности, машкоста може да се валидра преку менталните и физичките способности, лидерските способности и храброста (Connell & Messerschmidt, 2005). Може да се заклучи дека кога хетеросексуалноста на мажот е очигледна, односно не доаѓа во прашање, неговиот, машкиот род е помалку дефиниран од сексуалноста за разлика од женскиот. Кога било кој род ќе излезе од хетеронормативните конвенции и двата пола се подеднакво подложни да бидат дефинирани од нивната сексуалност (Herz & Johansson, 2015).

Со други зборови, хетеронормативноста ги засега особите без разлика дали станува збор за лица со хетеросексуална или нехетероскесуална ориентација. Таа пропишува и бара одредени типови на активност и искуства врз база на родот, со што создава категории на прифатени и неприфатени групи на луѓе.

## Есенцијализмот, социјалниот конструктивизам и сексуалната ориентација

Кога станува збор за сексуалноста, а посебно за заземањето на ставови за нехетеросексуалноста, повеќето луѓе несвесно се потпираат на нивната теорија за како тоа настанала сексуалноста, односно сексуалната ориентација. За да се добие подобар увид на оваа тема, ќе бидат разгледани двете спротивставени теории – есенцијализмот и социјалниот конструктивизам.

Денес, под есенцијализам се подразбира верувањето дека одредени феномени се природни, универзални, неизбежни и биолошки предодредени. Есенцијализмот во денешно време, често се користи и како општ термин во теоријата и практиката за да се реферира на нешто што има биолошка база, односно е биолошки детерминирано (DeLamater & Hyde, 1998).

Еволуциската теорија на Дарвин тврди дека сите живи суштества ја стекнале нивната форма преку постепени генетски промени низ генерациите. Овие промени се резултат на природната селекција, што пак резултира во преживување на живите суштества кои што се добро адаптирани на средината. Сексуалната селекција пак вклучува два процеси. Едниот процес е натпреварувањето на членовите на еден пол (вообичаено машки) за привилегии за парење со другиот пол, додека другиот е преферирањето, односно изборот од страна на членовите на еден пол (вообичаено женски) на одредени членови од другиот пол (Trivers, 1972).

Покомплексна еволуциска теорија на секусалноста е теоријата на сексуални стратегии на Дејвид Бас. Оваа теорија разликува краткотрајни и долготрајни стратегии за парење. Според неа, мажите и жените се соочуваат со слични, но и различни адаптивни проблеми во овие стратегии (Buss & Schmitt, 1993).

Ставајќи го фокусот на феномените на кои се насочиле и есенцијалистите и социјалните конструктивисти – привлечноста и сексуалната ориентација, обезбедуваме база за нивна споредба. Така, според есенцијалистите, привлечноста кон одредени особи е резултат на силите на еволуцијата, односно преференциите кои еволуираат служат за да ја зголемат можноста за репродукција. Сепак, привrзаниците на еволуциската теорија разликуваат краткотрајни и долготрајни стратегии за парење и сметаат дека краткотрајните стратегии се поголем дел од стратегиите на мажите за разлика од жените кои повеќе се насочуваат кон дологотрајните стратегии. Преференциите на мажите според оваа теорија еволуирале за партнерки кои се плодни, а најдобиот патоказ за плодност е физичката привлечност. Дел од знаците за физичка привлечност се чистата кожа, отсуството на рани, сјаната коса и ведрите очи. Ова произлегува од претпоставката дека жените кои што не се здрави и веројатно имаат намалена плодност, тоа го манифестираат со нездрав и непривлечен изглед. Годините, односно младоста се исто така знак за плодност, па така мажите, без разлика на нивната возраст, преферираат помлади жени (Buss & Schmitt, 1993).

За разлика од мажите, според еволуциската теорија, жените се позаинтересирани за долготрајни стратегии, како на пример брак. Но и

краткотрајните стратегии имаат адаптивни функции, како што е можноста за проценување на вредноста на мажот за долготраен партнер. Сепак, жените сакаат долготраен партнер кој што е способен и кој што има желба да им обезбеди ресурси како што се храна, материјални средства, заштита, кои што понатаму ќе можат да бидат искористени за одгледување на потомството. Според оваа теорија, она што го ценат жените кај партнерот е изобилие, добри финансии и работливост, тие како и мажите ја ценат и физичката привлечност како индикатор за здравје и плодност, но таа претставува помал фактор (Buss & Schmitt, 1993).

Доколку еволуцијата, односно репродукцијата е целта на човечката сексуалност, хомосексуалноста не би требала да постои. Природната селекција би требала да ги истреби индивидуите и гените со хомосексуални тенденции. За да ја објаснат хомосексуалноста, теоритичарите кои се ослонуваат на еволуцијата, развиле комплексен концепт кој го објаснува оддржувањето на истополовото сексуално однесување – инклузивна јакост (inclusive fitness). Поголем дел од еволуциските теории се фокусирале на индивидуалната јакост, односно пренесувањето на сопствените гени на следните генерации преку потомство. Инклузивната јакост, од друга страна, се однесува на репродуктивниот успех на индивидуата и на блиските роднини, односно на вкупноста на гените кои се пренесени на следната генерација, не само преку сопственото потомство, туку преку потомците на своите роднини. Оттука произлегува претпоставката дека нехетеросексуалците придонесуваат на јакоста, односно адаптивноста на своите браќа, сестри, внуци, помагајќи во нивното одгледување или придонесувајќи со материјални добра, со што ја максимизираат својата инклузивна јакост, односно континуираната еволуција на нехетеросексуалноста (Dickemann, 1995).

Кога станува збор за тоа дали сексуалната ориентација е генетски предодредена може да се осврнеме на неколку истражувања. Бејли и Пилард спровеле истражување во кое учествувале 56 геј мажи кои имале идентичен брат близнак (Bailey & Pillard, 1991). Тие откриле дека 52% од нивните близнаци биле исто така со хомосексуална ориентација. Кога станувало збор за неидентични близнаци имало совпаѓање од 22%, а само 11% совпаѓање на геј мажите со нивните посвоени браќа. Во нивното истражување, Бејли, Пилард, Нил и Агиеј, установиле 48%

совпаѓање помеѓу лезбејките и нивните идентични близначки, за разлика од 16% совпаѓање на паровите неидентични близначки и само 6% на паровите посвоени сестри (Bailey, Pillard, Neale & Agyei, 1993). Иако изгледа дека овие истражувања обезбедуваат доказ за влијанието на генетиката врз сексуалната ориентација на мажите и жените, сепак тие не обезбедуваат доказ за целосна генетска предодреденост, за што би биле нужно совпаѓање од 100% помеѓу идентичните близнаци.

Во нивното истражување, Хамер, Ху, Магнусон и Пататучи, откриле одреден ген на X хромозомот – Xq28, за кој сметаат дека објаснува некои случаи на машката хомосексуалност (Hamer, Hu, Magnuson & Pattatucci, 1993). Мајката го пренесува овој ген на синот, и најдена е зголемена фреквенција на хомосексуална ориентација кај браќата на мајките, но не и кај татковците или роднините од таткова страна. Иако резултатите се интригантни, ова истражување е контроверзно, делумно заради неможноста да се повторат резултатите, како и заради малиот примерок (DeLamater & Hyde, 1998).

Друга хипотеза за биолошката природа на сексуалната ориентација се невроанатомските разлики на мозоците на лицата со хомосексуална и хетеросексуална ориентација. Од серијата на спроведени истражувања на ова поле може да се издвои она на ЛеВеј (LeVay,1991). Тој открил дека INAH3 (Interstitial nuclei of the anterior hypothalamus – интерстецијално јадро на предниот хипоталамус) бил поголем кај хетеросексуалните жени во споредба со хетеросексуалните мажи, и дека кај хомосексуалните мажи имал слична големина како кај хетеросексуалните жени. Ова истражување може да биде критикувано врз неколку основи, како и за невклученоста на жени со хомосексуална ориентација.

Една од бројните шпекулации кога станува збор за биолошката детерминираност на сексуалната ориентација е хормоналниот дебаланс како причина за хомосексуалноста. Размислувањето било насочено на тоа дека мажите со хомосексуална ориентација имаат ниско ниво на тестостерон, додека жените со хомосексуална ориентација имаат ниско ниво на естроген, или пак високо ниво на тестостерон. Сепак, спроведените истражувања не покажуваат значајни разлики

во хормоните помеѓу мажите со хетеросексуална и хомосексуална ориентација. Иако се спроведени помалку истражувања за хормоналните разлики помеѓу жените со хетеросексуална и хомосексуална ориентација, и тие не покажале значајни разлики (Banks & Gartrell, 1995).

Класичниот есенцијализам се базира на три претпоставки: верувањето во есенција, односно основна вистинска форма, дисконтинуитетот помеѓу различните форми и константноста, односно непроменливоста со текот на времето. Она што е заедничко на биолошките теории за сексуалната ориентација е тоа дека се базираат на претпоставката дека има две основни вистински форми, односно хетеросексуалци и хомосексуалци. И покрај податоците на Кинси за континуумот на сексуалната ориентација, овие теории се базираат на претпоставката на дисконтинуитет, односно на тоа дека хетеросексуалноста и хомосексуалноста се две различни и одвоени категории, како и дека тие се константни категории. Биолошките теории не ја вклучуваат можноста дека природата на сексуалноста можеби се променила со текот на времето. Иако теоријата на Дарвин се базира на промените во аспект на адаптација и селекција, односно на способноста за промени во текот на времето, се чини дека биолошките теории за сексуалната ориентација го занемаруваат овој аспект (DeLamater & Hyde, 1998).

Културалните феминистки го промовирале културалниот есенцијализам, односно гледиштето дека заради универзалните искуства во раното детство, жените по природа се релациони, додека мажите се автономни и независни. Овие теории се залагаат за културен детерминизам на есенцијалните квалитети кај мажите и жените, што резултира со универзални искуства во раното детство, односно на раната интензивна врска помеѓу новороденчето и мајката и релативното отсуство на таткото од оваа рана врска (DeLamater & Hyde, 1998).

Контраст на есенцијализмот е социјалниот конструктивизам. Социјалниот конструктивизам претставува парадигма чија претпоставка е дека реалноста е социјално конструирана. Можат да се издвојат пет претпоставки на социјалниот конструктивизам. Првата е дека нашето искуство во светот е организирано,

односно дека не перцепираме хаотичен збир на звуци, слики, миризби и дразби воопшто. Втора претпоставка е дека јазикот ни обезбедува база врз основа на која ние создаваме смисла на светот. Третата претпоставка е дека ние ја споделуваме реалноста на секојдневниот живот, односно дека и другите особи на сличен начин ја перцепираат реалноста, значи реалноста е продукт на социјалната интеракција. Четвртата претпоставка е дека заедничките типификации на реалноста се институционализираат, односно водат кон хабитуализација. Петтата претпоставка е дека знаењето може да биде инстутуционализирано на ниво на општество, или во субгрупи (DeLamater & Hyde, 1998).

Според теоријата на социјалниот конструктивизам, нашите преференции за партнер се резултат на социјализација, односно од учењето на нашата култура во однос на селекција на партнер. Според оваа теорија се очекува дека социокултурните стандарди на привлечност ќе рефлектираат културални вредности, економска и социјална структура, како и поделба на трудот карактеристична за одредената култура (DeLamater & Hyde, 1998).

Додека есенцијалистите ги нагласуваат универзалните преференции, социјалните конструктивисти образложуваат дека иако можеби преференциите за атрактивен партнер се универзални, не постојат универзални стандари за што всушност е атрактивно. Додека во едни општества полните жени се сметаат за сексуално привлечни, во други привлечни се слабите жени (DeLamater & Hyde, 1998).

За разлика од есенцијалистите, социјалните конструктивисти очекуваат значителни варијации низ културите кога станува збор за однесувањата поврзани со хетеросексуалноста и хомосексуалноста. Исто така додека есенцијалистите очекуваат конзистентност низ времето, социјалните конструктивисти очекуваат промени и на ова поле. Има општества во кои сексуалната ориентација се чини дека е фиксна во текот на животниот век на индивидуата, додека во други општества, таа е флуидна, однсоно индивидуите ја менуваат нивната сексуална ориентација во текот на животот. Пример за ваква флуидност е племето Самбиа, каде мажите ја менуваат својата сексуална ориентација со текот на времето. Сепак

индивидуите од Самбиа немаат концепт за хомосексуалноста како доживотна особина или начин на живот (DeLamater & Hyde, 1998).

Социјалните конструктивисти имаат и голем интерес за родот како социјален конструкт. Тие не го гледаат родот како индивидуална црта, туку како процес кој е надвор од индивидуата. Така, родот е дефиниран од бројните интеракции помеѓу луѓето, од јазикот и од културниот дискурс (DeLamater & Hyde, 1998).

Може да се заклучи дека додека есенцијалистите сметаат дека сексуалната ориентација постои како значајна категорија во животот на човекот, без разлика на тоа во кое време и место се раѓаат индивидуите, социјалните конструктивисти го делат спротивното мислење. Тие сметаат дека луѓето по својата природа се омнисексуални (имаат способност да бидат привлечени и да имаат сексуални интеракции со лица од било кој пол), а каква ќе биде нивната сексуална оиентација, зависи од специфичните услови на времето и просторот во кои се развиваат индивидуите. Така, социјалните конструктивисти сметаат дека денешната поделба на хетеросексуалци, бисексуалци и хомосексуалци и идентитетите поврзани со специфичната ориентација се нешто типично за модерните западни општества. Според нив, пресвртот настанал во текот на 18 век, а земал замав во 19тиот век со медикализацијата на истополовите чувства и врски. Во тој период, хомосексуалноста го имала преминот од чин кој може да му се случи на секого во личносна карактеристика, специфична за само одредени луѓе, со што се формирала нова посебна група на луѓе – хомосексуалци, со посебен идентитет кој пак бил изграден врз нивната карактеристика да бидат сексуално привлечени и да имаат желба за сексуални односи со лица од ист пол. Ваквото сфаќање, дека станува збор за засебна група на луѓе почнало да се шири меѓу самите нехетеросексуалци, но и меѓу хетеросексуалците, што пак ја дало основата за формирање на посебен, стабилен геј идентитет кој што го поседуваат модерните хомосексуалци, но и дало основа на формирање на негативни – хомофобични ставови кај хетеросексуалната јавност (Врангалова, 2006).

Токму од спротивставените ставови на есенцијалистите и социјалните конструктивисти произлегуваат двете спротивставени сфаќања за сексуалната

ориентација во модерниот свет. Првото, се базира на есенцијализмот и ја гледа хомосексуалноста како нешто вродено и суштински, категоријално различно од хетеросексуалноста. Следствено, хомосексуалците се посебна група на луѓе, со посебен идентитет. На ваквата философија – дека нехетеросексуалците се суштинско различни се темелат најголемиот број активистички движења, кои пробуваат да ги заштитат нехетеросексуалците како сексуално малцинство. Второто, поново сфаќање кое се базира на социјалниот конструктивизам се бори против ова издвојување на посебни групи и се нарекува квир теорија. Ова убедување се базира на мислењето дека полот на партнерот не мора да биде суштински значајна категорија според која би се класифицирале индивидуите во одредена култура, односно полот со кој особата практикува сексуални односи не е суштински важно за дефинирање на идентитетот на особата. Социјалните конструктивисти претпоставуваат дека доколку преферираниот пол на особата кон која се чувствува сексуална привлечност не е важен, прифатливоста на истополовите врски ќе се зголеми, и хомофобијата би исчезнала, затоа што не би имала дискриминација врз база на полот на партнерите. Ваквото уредување би наликувало на она во старите култури, како на пример Стара Грција. Според ова гледиште се повеќе луѓе би остварувале нехетеросексуални контакти, но не би имале потреба да се идентификуваат како хомосексуалци, односно хетеросексуалци. Така, доколку се достигне општество без хомофобија, конструкцијата на хетеро/хомосексуален идентитет би станала непотребна.

## Перцепирано прифаќање од други

Во трансакцискиот модел на Сарасон и сор., 1990 (според Brock et al., 1998) за перцепирана социјална поддршка, тие ја дефинираат истата како "чувство дека си сакан, ценет и безусловно прифатен", а прифаќањето како "инхерентна, стабилна, личносна карактеристика која придонесува на перцепцијата за социјална поддршка од она што всушност го нуди средината во било кое време" (Sarason et al., 1990, p.110).

Брок и сор. се сретнуваат со три прашања обидувајќи се да го дефинираат перцепираното прифаќање. Првото прашање е дали перцепираното прифаќање варира во различните врски кои ги има индивидуата. Второто прашање е во врска со тоа колку се стабилни овие перцепции, и трето дали е поволно прифаќањето да се опише како безусловно, со оглед на тоа дека индивидуата тешко би поверувала дека е безусловно прифатена, посебно во моменти кога пројавува деструктивно, односно агресивно однесување. Одговорите на овие прашања им ја дале базата за следнава дефиниција: "Перцепираното прифаќање претставува специфично за врската и релативно стабилни когнитивни вреднувања за тоа дека другите се грижат за нас и дека нè ценат и дека нивната грижа не влијае на нашето држење на одредени ставови или доколку се однесуваме поинаку од вообичаеното... Во рамка на врските, овие перцепции обезбедуваат незаканувачки контекст од кој индивидуата може да ја процени нејзината социјална средина" (Brock et al., 1998, p.6).

Може да се забележи сличноста на концептот на Брок за перцепирано прифаќање и концептот на Роџерс за безусловно позитивно ценење (unconditional positive regard). Безусловното позитивно ценење всушност е терапевтски концепт, и е еден од нужните услови кои според Роџерс треба да се исполнат за да се случи конструктивна личносна промена кај клиентот за време на советувањето. Безусловното позитивно ценење претставува степенот на кој терапевтот се чувствува дека искусува прифаќање на клиентот во секој аспект. Роџерс вели дека "тоа значи дека нема услови за прифаќање, нема чувства на 'ми се допаѓаш само ако си ваков и ваков'... инволвира исто толку чувство на прифаќање за експресијата на негативните, лоши, болни, плашливи, одбранбени, абнормални чувства на клиентот, колку и на добрите, позитивни, зрели, уверливи, социјални чувства, како и во иста мера прифаќање на начините на кој е неконзистентен како и на начините на кои е конзистентен" (Rogers, 1992, p.829).

Позитивните искуства, како и искуствата на имање поддршка од страна на родителите, односно старателите и пријателите се чини дека се основата на перцепцијата за прифаќање. Со оглед на тоа теоријата на приврзување на Боуби обезбедува теоретска рамка за разбирање на развојот на перцепираното

прифаќање. Тој препознал дека родителите кои ги прифаќаат своите деца го поддржуваат истражувањето на средината од страна на децата, со што детето се чувствува сигурно да превземе ризици. Следствено, отсуството на оваа сигурност ја зголемува анксиозноста и стравовите кај детето. Базата на менталните претстави кои што го насочуваат социјалното однесување и влијаат на верувањата во подоцнежните години се всушност бројните интеракции со фигурите со кои се поврзува детето. Боуби идентификувал две клучни карактеристики на овие ментални претстави на поврзувањето: "(а) дали фигурата со која детето се поврзува ќе биде проценета дека е типот на особа која општо ќе одоговара на повиците за поддршка и заштита; (б) дали селфот се проценува дека е типот на особа спрема кој било кој, а посебно фигурата на приврзаност, би одговориле на корисен начин" (Bowlby, 1973, p. 204). Првата карактеристика се однесува на сликата која индивидуата ќе ја оформи за другите луѓе, близок концепт до перцепираното прифаќање, додека втората се однесува на сликата за себе на индивидуата, поврзана со себеприфаќањето.

Сигурната приврзаност и високите нивоа на перцепирано прифаќање се поврзани, односно во двата конструкти индивидуата верува дека нејзините активности, односно однесувања нема да резултираат во губење на поддршка или љубов. Следствено, индивидуите кои не се сигурно приврзани и имаат ниски нивоа на перцепирано прифаќање очекуваат да бидат одбиени од страна на другите и веруваат дека тие не би им биле достапни доколку се наоѓаат во негативна состојба, односно се вознемирени, несреќни и сл. Истражувањето на Бартоломеј и Хоровиц покажа дека и децата и возрасните можат да манифестираат различни модели на приврзаност низ различните врски (Bartholomew & Horowitz, 1991). Следствено, иако оформените модели на приврзување се релативно стабилни, можат да се сменат како резултат на нови искуства во нови врски, но и како резултат на менување на карактерот на веќе постоечката врска. Токму перцепираното прифаќање може да ги рефлектира промените на овие приврзувања (Brock et al., 1998).

Според Брок и сор. високото ниво на перцепирано прифаќање води до перцепција на ефикасноста, што пак ги охрабрува позитивните социјални

интеракции (Brock et al., 1998). Формирањето на врски исполнети со поддршка и зајакнувањето на социјалните врски е резултат на социјалната ефикасност која пак е резултат на високите нивоа на перцепираното прифаќање, додека пак, ниските нивоа на перцепирано прифаќање можат да ги инхибираат ефективните социјални врски. Доколку перцепираното прифаќање е поврзано со перцепираната достапна поддршка, тогаш прифаќањето би требало да ја посредува врската на поддршката и прилагодувањето. Со ова се отвара можноста дека поврзаноста помеѓу перцепираната достапна поддршка и емоционалното прилагодување се последица на верувањата на индивидуата дека е прифатена и сакана од страна на другите.

Важно е да се напомене дека перцепираното прифаќање од другите и реалното прифаќање од другите не секогаш се совпаѓаат.

## Себеприфаќање

Бројни теоретичари и истражувачи се обиделе да го дефинираат, операционализираат и мерат прифаќањето. Општо, прифаќањето се операционализира како позитивен став кон себе и кон другите, следствено себеприфаќањето најопшто може да се дефинира како заземање на позитвен став на личноста кон самата себе.

Прифаќањето, а со тоа и себеприфаќањето бил концепт кој се разгледувал прво од страна на религијата и филозофијата со векови, а потоа и од психологијата со децении (Williams & Lynn, 2010). Сепак, Роџерс бил еден од позначајните теоретичари кој му дал позиција на примарно значење во терапевтскиот процес на развојот на себеприфаќањето. Така, тој вели дека клиентот треба да го "препознае и прифати неговиот вистински селф со неговите детски шеми, неговите агресивни чувства, и неговите амбивалентности, како и неговите зрели импулси и рационализирана надворешност" (Rogers, 1940, p. 162). Според Роџерс,

себеприфаќањето било слично со увидот, со разликата дека себеприфаќањето се заснова на чувства, додека увидот има интелектуална конотација.

Робинсон и Шејвер (1971) ја окарактеризирале особата која се прифаќа себе си како особа "чие однесување е водено од интернализирани вредности (и не од надворешен притисок), верување во сопствените способности за успешно справување со животот, одговорност, објективно прифаќање на критицизам, чувство на себеценење и отсуство на плашливост или претерано само-набљудување" (Според Richter et al., 1994, p. 290).

Според Бергер личноста со високо ниво на себеприфаќање се одликува со неколку карактеристики (Berger, 1952). Прво, личноста која се прифаќа себе си примарно се потпира на интернализирани вредности и стандарди, наместо на надворешни притисоци, кога станува збор за тоа што го води нејзиното однесување. Личноста со високо ниво на себеприфаќање има доверба во нејзиниот капацитет да се справи со животот. Таа исто така превзема одговорност и ги прифаќа последиците на сопственото однесување. Понатаму, таа не се обидува да ги порекне или видоизмени нејзините чувства, мотиви, ограничувања, способности или било какви квалитети кои ги гледа во самата себе, туку таа истите ги прифаќа без самоосудување. Личноста која се прифаќа себе си, се смета за вредна, односно достојна личност, која е на еднакво ниво со другите особи. Таа не очекува да биде одбиена, односно отфрлена од другите особи, без разлика дали дала или не дала причини за тоа. Таа не се вреднува себе си како сосема различна од другите особи, не е срамежлива или самосвесна.

Според Фром (1949) ние треба да се сакаме себе си, затоа што љубовта кон самиот себе и љубовта кон другите одат заедно. Следствено, тој претпоставува дека неспособноста, односно неможноста да се сакаш себе си е пропратена со непријателски однос кон другите особи, што всушност произлегува од потиснување на спонтаноста на особата, односно на нејзиниот вистински, автентичен селф (според Berger, 1952).

Себеприфаќањето се однесува на задоволството на индивидуата со самата себе си, па следствено се претпоставува дека себеприфаќањето е неопходно за

менталното здравје (Rogers, 1951). Инглиш и Инглиш (1958) сметаат дека себеприфаќањето вклучува себеразбирање, реална, но субјективна свесност која индивидуата ја има за своите слаби и силни страни, што резултира во чувство на индивидуата дека таа има уникатна вредност (според Shepard, 1979). Со дефинирањето на себеприфаќањето може да се заклучи дека тоа е различно од себеопишувањето, односно дека себеприфаќањето е вредноста или афектот поврзан со себеопишувањето. Така, особата со високо себеприфаќање, свесна за своите слаби и силни страни, се цени себе си, додека особата со ниско себеприфаќање, односно особата за која е карактеристично себеодбивање, смета дека не вреди многу и постои веројатност да пројави симптоми на неприлагодување (Shepard, 1979).

Близок концепт на себеприфаќањето е и терапевтскиот концепт на Елис за безусловно себеприфаќање. Според РЕБТ, себеоценувањето е штетно и може да доведе до дисфункционални последици во емоциите и однесувањето, а Елис безусловното себеприфаќање го гледа како решение за овој проблем. Елис (1977) го дефинира безусловното себеприфаќање како: "индивидуата целосно и безусловно се прифаќа себе си без разлика на тоа дали се однесува интелигентно, коректно или компетентно, и без разлика на тоа дали луѓето ја одобруваат, почитуваат или сакаат" (според Popov, Radanović & Biro, 2016, p. 72).

Основата на концептот за безусловно себеприфаќање е афирмацијата на човековата вредност, и пошироко на човековото однесување. Според ваквото гледиште, на ниту една особа не може да и биде дадена глобална оценка, која што ќе ја дефинира нивната вредност, односно вредноста на личноста не треба да биде дефинирана од променливи услови. Следствено, безусловното себеприфаќање подразбира препознавање на нашата комплексност како суштества кои се предмет на постојани промени, кои што не треба да подлежат на оценки од себе или од другите, додека во исто време тоа подразбира прифаќање дека сме способни, односно правиме грешки (Szentagotai & David, 2013).

Во поново време, себеприфаќањето во теоријата и во истражувањата се поврзува со целосната свесност (mindfulness). Со оглед на тоа што себеприфаќањето е

клучно за менталното здравје, неможноста, односно неспособноста на индивидуата да се прифати себе си може да доведе до бројни емотивни потешкотии, како што се неконтролиран гнев и депресија. Особите кои се ослонуваат на себевреднување, наместо на себеприфаќање можат да станат несигурни во себе си, и следствено да посветат големо внимание и ресурси на себевозвишување со цел да компензираат во однос на перцепираните лични дефекти. Се смета дека целосната свесност е еден од наједноставните и природни модели за намалување на себевреднувањето, и заменување на себевреднувањето со себеприфаќање. Суштината на теоријата на целосна свесност е дека доколку особата има флексибилен и отворен начин на размислување во кој што таа е активно вклучена во процесот на согледување нови карактеристики на средината е покорисен од начинот на размислување во кој особата осудува и е ригидна, при што ја жртвува флексибилноста за чувство на сигурност. По дефиниција, состојбата на целосна свесност вклучува состојба на себеприфаќање, со оглед на тоа што фокусот на вниманието при целосната свесност е токму на прифаќањето и истражувањето на моменталните искуства, наместо на себевреднување и себекритикување (Carson & Langer, 2006).

Карсон и Лангер издвојуваат неколку важни аспекти на себеприфаќањето, во аспект на целосната свесност (Carson & Langer, 2006). Тие сметаат дека еден од овие важни аспекти на себеприфаќањето е способноста и желбата на особата да им дозволи на другите особи да го видат нејзиниот вистински селф, односно да се пројави таква каква што навистина е, односно да биде автентична. Друг важен аспект на себеприфаќањето е соодветното себевреднување. Тие сметаат дека еден од главните попречувања на себеприфаќањето е неспособноста на особата да ги прифати грешките кои ги направила во минатото, без разлика на тоа дали се реални или како такви перцепирани од страна на особата. Следствено, прифаќање на одговорност за сопствениот свет е важен дел од себеприфаќањето на особата.

## Прифаќање на други

Прифаќањето на други е концепт кој има долга историја. Првествено, може да се поврзе со грчкиот концепт агапе. Агапе всушност претставува љубов насочена кон другите, која се гледа како продолжување на љубовта кон Господ и е одговор на заповедта да се сака соседот. Киркегард (1998) нагласува дека под сосед всушност се подразбираат сите луѓе, односно се подразбира секое човечко суштество без разлика на тоа колку е слично или различно од нас (според Hill, 2002). Секуларното гледиште на Адлер (1938) било дека поткрепувањето на прифаќањето на другите е примарна цел на живеењето, дека тоа е всушност начин на кој индивидуите можат да постигнат оптимално психичко и социјално здравје. Недостатокот на социјални интереси, како и одбивањето на другите се гледало како причина за индивидуалните психички растројства (според Rigby & Bortolozzo, 2013).

Според Бергер, прифаќањето на другите може да се дефинира и во негативни и во позитивни термини (Berger, 1952). Потпирајќи се на негативните термини прифаќањето на другите инволвира не одбивање или осудување на оние чие однесување или стандарди се контрадикторни со оние на индивидуата, не обидување за доминирање над другите, не претпоставување на одговорност за другите и не негирање на вредноста на другите. Позитивните термини опфаќаат: желба за помагање на другите, заземањето на активен интерес спрема другите, и внимавање да не се прекршат правата на другите за сопствена добросостојба.

Следствено, според Бергер личноста која ги прифаќа другите се одликува со неколку карактеристики (Berger, 1952). Личноста која има високо ниво на прифаќање на другите, не ги отфрла, мрази или осудува другите луѓе во моментите кога нивното однесување или стандарди се контрадикторни со нивните однесувања, односно стандарди. Друга карактеристика е дека таа личност не се обидува да доминира со другите особи, како и тоа дека не се обидува да превзема одговорност за другите особи. Личноста која има високо ниво на прифаќање на другите исто така не ја негира вредноста на другите особи, односно нивната

еднаквост како особи. Ова не подразбира еднаквост во одредени достигнувања, но таа не се чувствува ниту дека е надредена, ниту дека е подредена на особите кои ги запознава. Понатаму, личноста која ги прифаќа другите покажува желба да им помага на другите, завзема активен интерес за другите особи и покажува желба да создава односи со другите кои ќе бидат задоволувачки за двете страни. Личноста која ги прифаќа другите исто така е внимателна да не ги прекрши правата на другите луѓе, во обидите да ја подобри својата добросостојба.

Според Роџерс, прифаќањето не е само аспект на себе, туку се проширува и кон надворешните стимулуси, како што се другите луѓе, односно прифаќање на другите (Rogers, 1951). Тоа според Роџерс претставува субјективен процес кој не зависи од пријатноста или непријатноста од средината, туку од ставот на особата кон истата (според Williams & Lynn, 2010).

# РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

*Перцепирано прифаќање од други, себеприфаќање и прифаќање на други*

Спроведени се бројни истражувања за различните аспекти на прифаќањето, како и за нивната поврзаност. 1950тите биле плоден период кога станува збор за прифаќањето како психолошки концепт. Бројни психолози теоретизирале за различните аспекти на прифаќањето, што пак покренало бројни истражувања како и развивање на скали за нивно мерење. Во истражувањата се претпоставувала позитивната корелација помеѓу трите аспекти на прифаќањето, односно прифаќањето од другите, себеприфаќањето и прифаќањето на другите, негативната корелираност помеѓу себеприфаќањето и менталните растројства, како и релациите помеѓу прифаќањето и другите конструкти. Во овој период исто така биле составени скали за различните аспекти на прифаќањето кои подоцна станале стандардизирани мерки за истите. Меѓу попознатите се скалите на Бергер (1952), Феј (1954) и Филипс (1951). Поголем дел од резултатите од бројните истражувања ги поддржиле гореспоменатите претпоставки за прифаќањето (Williams & Lynn, 2010).

Меѓу многуте, може да се споменат истражувањата на Феј, Омвејк, Ширер, Трент и Вилијамс чии резултати покажале позитивна корелација помеѓу себеприфаќањето и прифаќањето на други, при што корелациите во повеќето истражувања се движеле од ,30 до ,60 (Fey, 1954; Omwake, 1954; Sheerer, 1949; Trent, 1957; Williams, 1962). Сепак, според истражувањата на Омвејк (1954) и Вилијамс (1962) прифаќањето од другите, ако се земе како рејтинг, односно оценка на учесникот на истражување од страна на другите, а не како перцепирано прифаќање од другите од страна на учесникот, не било корелерано ниту со себеприфаќањето ниту со прифаќањето на другите (Omwake, 1954; Williams, 1962). Резултатите од истражувањата на Рубин, Суин, Суин и Хил, и Вилијамс, покажале корелација помеѓу себеприфаќањето и прифаќањето на другите, како и дека ниту себеприфаќањето ниту прифаќањето на другите е поврзано со прифаќањето од другите (Rubin, 1967; Suinn, 1961; Suinn & Hill, 1964; Williams, 1962).

Истражувањата исто така покажале дека ниското себеприфаќање е поврзано со психопатологија, додека истражувањата на Чендлер и на Ломбардо и Берзонски покажале дека ниското себеприфаќање е поврзано со надворешен, а не внатрешен локус на контрола (Chandler, 1976; Lombardo & Berzonsky, 1975).

Роџерс, како и другите пред него, претпоставувал дека себеприфаќањето и прифаќањето на другите треба позитивно да корелираат (Rogers, 1951). Тој исто така претпоставувал и дека развојот на себеприфаќањето и прифаќањето на другите води до пореално и попозитивно гледање за себе и на другите. Истражувањето на Шепард кое ги истражувало себеприфаќањето, прифаќањето на другите и себедескрипцијата, открило дека мерките на себеприфаќањето имаат умерена конструкт валидност, како и дека себеприфаќањето е поврзано со прифаќањето на другите (Shepard, 1979).

Во истражувањето на МекИнтајр, 1952 (според Fey, 1955) било откриена поврзаноста на изразените ставови на себеприфаќање и прифаќање на други, додека луѓето кај кои овие два аспекти на прифаќањето не варирале правопропорционално се претпоставувало дека всушност пројавуваат начин на интерперсонална одбрана. Следствено, особите кои имале ниски нивоа на себеприфаќање и високи нивоа на прифаќање на другите се чинело дека се особи кои се самокритични и интропунитивни (имаат тенденција да се обвинуваат и казнуваат себе си), додека особите со високо себеприфаќање и ниско прифаќање на другите ја одбивале идејата за лична психотерапија и се чинело дека се особи кои проектираат и кои се екстрапунитивни (имаат тенденција да обвинуваат и казнуваат други особи). Потпирајќи се на ова истражување Феј претпоставил дека доколку тврдењата на МекИнтајр (1952) се точни, тогаш тие сугерираат типови на прилагодување кои би постоеле кај врсниците кои се разликуваат по нивоата на прифаќање, односно дека прифаќањето од другите е всушност функција на патерните на меѓусебните односи помеѓу ставовите на особата спрема себе и спрема другите (Fey, 1955).

Според ова истражување, особите со високи скорови за себеприфаќање имале тенденција да ги прифаќаат другите, се чувствувале прифатено од другите, но

всушност не биле ни помалку ни повеќе прифатени од другите во споредба со оние со ниски скорови на себеприфаќање. Особите пак со високи скорови за прифаќање од другите, се чувствувале прифатено од другите и имале тенденција да бидат прифатени од нив. Особите кои мислеле дека се подобри од другите, се чувствувале прифатено од другите, а всушност на другите значачително помалку им се допаѓале, оваа група на луѓе всушност значително ја преценувала сопствената прифатеност од другите. Важно е да се нагласи дека во ова истражување се разликуваат проценето и вистинско прифаќање. Споредбата помеѓу најприфатените и најмалку прифатените групи покажала дека помалку прифатената група има значително поголем јаз помеѓу себеприфаќањето и нивното прифаќање на другите (Fey, 1955).

Во своето истражување, Ширер (1949) ја анализирала врската помеѓу себеприфаќањето и себепочитувањето, како и помеѓу прифаќањето и почитувањето на други кај десет особи кои биле на советување. Главниот заклучок кој таа го извела е дека ставовите кон другите луѓе кои ги има особата во значаен степен се поврзани со ставовите кои особата ги има за самата себе си. Ширер претпоставила дека тоа може да значи дека менувањето во ставовите на прифаќање на другите може да настане само преку менување на ставовите на особата за самата себе. Доколку оваа претпоставка се разгледа од аспект на социјалната психологија, би значело дека зголеменото прифаќање на различните малцински групи, најдобро би можело да се постигне преку некој вид на групна терапија чија цел би била да го зголеми себеприфаќањето и самопочитта на особата (Sheerer, 1949).

Роберт Там во своето истражување се фокусирал на пермутациите на прифаќањето на себе и другите од аспект на трансакциската теорија на личноста (Thamm, 1972). Во трансакциската теорија, Ерик Берн, опишал четири базични позиции, во аспект на поларностите "јас - други" , како и на поларноста "ОК – не ОК". Следствено, убедувањата на основните четири позиции се следните: 1. Јас (ние) сум ОК; 2. Јас (ние) не сум ОК; 3. Ти (тие) си ОК; и 4. Ти (тие) не се ОК. Овие убедувања ги претпоставуваат четирите базични позиции кои го рефлектират степенот на кој особите се прифаќаат себе си, односно другите. Овде се вклучени

позициите: 1. Јас сум ОК, ти си ОК; 2. Јас сум ОК, ти не си ОК; 3. Јас не сум ОК, ти си ОК; и 4. Јас не сум ОК, ти не си ОК. Од клиничка перспектива, првата позиција се смета за психолошки најздрава. Берн ја опишува оваа позиција како подобрување, односно кога особата ќе го направи овој избор, таа го елиминирала самоубиството, секвестрацијата, и ослободувањето од луѓето како решенија за ситуации кога таа е под стрес, односно како климакс за нејзиниот скрипт. Следствено, нејзините трансакции со општеството се основаат на премисата дека истите се пријатни и за особата и за другите. Втората позиција, е опишана во термини на ослободување од проблематични луѓе, параноја, тенденции за убиство, односно во аспекти на криминална психопатологија, прекумерно повредување, проекција на вина и афективна депривација. Третата позиција, клинички се манифестира како социјална несигурност, депресија, како и меланхолија. Последната, четврта позиција, е опишана како шизофрена, со суицидални тенденции, одмаздлива, односно позиција која генерира длабок очај.

Истражувањето на Там открило дека особите со високо себеприфаќање и прифаќање на други, "можат да бидат карактеризирани како нормални, стабилни, прилагодени, умерени, конформистични, задоволни и активни во заедницата", но и како особи што имаат одредени знаци на авторитарност. Освен индикациите за авторитарност кои се поврзани со психопатолошки карактеристики, личностите со високо себеприфаќање и прифаќање на други се чини дека се "здрави", под претпоставка дека социјалниот систем на кој овие личности се адаптирани да е "здрав" систем. Единствената друга позиција која се чини дека е релативно здрава е јас сум ОК – ти не си ОК. Претпоставката е дека делот што не е ОК, може да реферира не само на другите индивидуи, туку на самиот социјален систем. Така интерпретацијата би била "јас сум ОК – општеството е болно." Доколку се ослониме на оваа претпоставка – дека општеството е всушност болно, тогаш оваа позиција станува "здрава". Повлекувањето на овие особи од учествување во општествени активности индицира можност за висока алиенација. Со оглед на тоа што тие не можат да бидат обвинети за бунтување против мејнстрим активностите, можеби недостатокот од општествено вклучување може да биде припишан на други личносни карактеристики. Така, особите кои ја имале оваа

позиција во истражувањето на Там имале повисок просек, читале повеќе книги и се перцепирале како постабилни во носењето на одлуки. Се претпоставува дека ниската партиципација и високата интелектуална ориентација се најмоќните предиктори за позицијата јас сум ОК, ти не си ОК. Од друга страна, во ова истражување, особите со позицијата Јас не сум ОК – Ти си ОК, не се чини дека верувале дека општеството е "болно". Тие индицирале прифаќање на социјалната структура во нивниот конзерватизам и желба за стекнување на награди. Нивното одбивање било кон некои луѓе во некое време, тие им се восхитувале на останатите. Се чини дека основата на нивниот проблем била желбата да се вклопат, при што тие се чувствувале одбиени од примарните членови на групите. Според Там нивната позиција е претставена од изјавата: "Општеството е ОК и некои луѓе се ОК – Јас само сакам да најдам некои луѓе кои ќе ме прифатат и кои ќе ме сакаат, за и јас да можам да бидам ОК". Првично се мислело дека проекцијата ќе биде највисока кај особите со позицијата Јас сум ОК – Ти не си ОК, но наодите не го потврдиле ова. Проекцијата на вина била најкарактеристична за особите кои не се прифаќале себе си, но ги прифаќале другите.

Дејн и МекДоналд спровеле истажување во кое пробале да ја разјаснат поврзаноста помеѓу перцепираното прифаќање од други и добросостојбата кај лица со хомосексуална ориентација (Dane & MacDonald, 2009). Тие претпоставиле дека перцепираното прифаќање од другите кои не се со статус на сексуално малцинство, ќе има посебен придонес во добросостојбата на лицата со хомосексуална ориентација, а дека ова прифаќање и поддршка има и поголем придонес кон добросостојбата на лицата со хомосексуална ориентација од поддршката која ја добиваат од нивните пријатели и познаници со нехетеросексуална ориентација. Ова истражување покажало дека добросостојбата е значајно поврзана со перцепираното прифаќање од хетеросексуалните пријатели, со перцепираното прифаќање од хетеросексуалните познаници и перцепираната поддршка од нехетеросексуалните пријатели. Нивото на перцепирано прифаќање од хетеросексуалните пријатели, хетеросексуалните познаници и од мајките во поголем степен ја предвидувало добросостојбата од поддршката на нехетеросексуалците. Оваа студија исто така се обидела и да

истражи кои области на прифаќањето се најсилно поврзани со добросостојбата. Иако оваа експлораторна анализа била ограничена само на дел од примерокот, резултатите сугерирале дека кај особите кои се релативно "аут" најсилна улога во добросостојбата имаат хетеросексуалните познаници (соседи, колеги).

Флојд и сор. пак ја разгледале добросостојбата од аспект на прифаќање и поддршка на родителите кај лица со нехетеросексуална ориентација (Floyd et al., 1999). Тие покажале дека младите со нехетеросексуална ориентација кои перцепирале дека нивните родители имаат став на прифаќање на нивната сексуална ориентација, пројавиле поблиска поврзаност и поголема конфликтна независност со родителите. Според ова истражување ставовите на прифаќање од страна на родителите предвиделе попозитивна добросостојба на младите со нехетеросексуална ориентација.

Истражувањето на Лутанен покажало дека видливоста, одбивањето на негативните стереотипи, прифаќањето од фамилијата, инволвирањето со други нехетеросексуалци и позитивен нехетеросексуален идентитет се поврзани со повисока самодоверба и задоволство од животот, како и понизок степен на депресија и кај мажите и кај жените со нехетеросексуална ориентација (Luhtanen, 2002). Резултатите на ова истражување покажале и дека социјалната поддршка во облик на прифаќање од страна на хетеросексуални пријатели и познаници од работа или училиште се значајно поврзани со повисоки нивоа на самодоверба и пониски нивоа на депресија кај геј/бисексуалните мажи, во споредба со лезбејки/бисексуални жени.

Во квалититативното истражување на Харпер, Бродски и Брус младите геј/бисексуални мажи кои дискутирале за прифаќање ги фокусирале нивните одговори или на себеприфаќање или на прифаќање од други (Harper, Brodsky & Bruce, 2012). Оние кои говореле за себеприфаќање, тврделе дека истражувањето на нивната сексуалност им овозможило да постанат тоа што се, што пак резултирало во поголемо чувство на среќа. Оние пак кои опишале блискост и прифаќање од другите биле способни да изградат резилиентност и мрежи на социјална поддршка.

*Нехетеросексуалноста во Македонија*

Македонија е општество кое е мошне нетолерантно кон сексуалната различност. Сите досегашни истражувања, упатуваат на тоа дека Македонците не ја прифаќаат различноста во сексуалната ориентација и заради негативниот став кој го имаат кон нив, подготвени се, или активно ги дискриминираат нехетеросексуалците.

Така, според индексот на Rainbow Europe[6], Македонија е рангирана 41, од 49 Европски држави. Rainbow Europe всушност, ги рангира сите 49 Европски држави на скала од 0% што престставува големо прекршување на човековите права и дискриминација на ЛГБТИ лицата, до 100% - почитување на човековите права, целосна еднаквост на ЛГБТИ лицата. Рангирањето на државите се базира на законите и политиките кои имаат директно влијание на човековите права на ЛГБТИ лицата, а се поделени во шест категории: еднаквост и недискриминација, фамилија, пристрасно мотивиран говор/насилство, законско признавање на половите, слобода на собирање, здружување и изразување и азил.

Според индексот на Rainbow Europe, Македонија има 13 % на полето на еднаквост и недискриминација, 7 % фамилија, најниски 0% на пристрасно мотивиран говор/насилство и азил, само 6% на законско признавање на половите. Македонија има добиени највисоки 100 % само на полето на слобода на собирање, здружување и изразување, и тоа заради непопречувањето на јавни настани во последните три години, непопречување во работењето на организациите во последните три години, и заради немањето на закони кои ја забрануваат слободата на изразување.

Истражувањето на Клековски, 2009 (според Димитров и Костовски, 2013) покажало дека огромно мнозинство од македонските граѓани – 91,6 % не ја одобруваат хомосексуалноста. И најновото истражување на Стојановски (2016) спроведено во Скопје, укажува на истиот резултат, односно дека како резултат на неприфатеноста, ЛГБТКИ[7] (Lesbian, Gay, Bisexual, Transgender, Queer, Intersex)

[6] https://rainbow-europe.org/

[7] Во истражувањето ќе се користи оваа кратенка, иако не соодветствува на македонскиот превод, затоа што вообичаено се користи во публикациите.

младите кои живеат на овие простори секојдневно се соочуваат со дискриминација, малтретирање и насилство, кои пак доведуваат до негативни последици по нивното ментално здравје и општа благосостојба.

Богдановска (2016) во нејзината анализа на законодавството на Република Македонија во однос на дискриминацијата заснована на сексуалната ориентација и родов идентитет заклучува дека Македонија е најлош пример за почитување на правата на ЛГБТИК лицата, тргнувајќи од легислативата, завршувајќи со речиси непостоечката имплеметација. Според овој извештај, корените на прашањето за правата на ЛГБТКИ лицата треба да се анализираат од времето на Југославија, каде во 1951 година бил воведен нов Кривичен законик, каде што член 186 предвидел дека „за неприроден блуд помеѓу две лица од машки пол, прекршителот ќе биде казнет со казна затвор до две години", со што машките хомосексуални врски станале нелегални во сите републики во поранешна Југославија, додека женските хомосексуални врски не биле спомнати. Во 1974 на секоја република и било дозволено да создаде свој Казнен законик со помош на уставната реформа во Југославија. Така, во 1970 година бил декриминализиран консензуалниот хомосексуален чин помеѓу двајца машки во Хрватска, Словенија и Црна Гора, додека Македонија, Босна и Херцеговина и Србија го сториле истото во 1990 година. Според Богдановска, најголемиот пад во законодавството, кога станува збор на ЛГБТКИ лицата бил направен на 8.04.2010 година кога се усвоил нов Закон за спречување на дискриминацијата во Република Макединија, во кој не се споменува сексуалната ориентација како основа за дискриминација.

Стојановски (2016) ги истражувал дискриминацијата, насилството и малтретирањето врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Според ова истражување, ЛГБТКИ лицата почесто имаат претрпено физичко насилство и малтретирање во однос на не-ЛГБТКИ лицата. ЛГБТКИ лицата во Македонија исто така искусиле и повисок степен на секојдневна дискриминација, и доживуваат повисок степен на анксиозност кога се наоѓаат во социјална интеракција, односно ситуации во однос на не-ЛГБТКИ лицата. Ова истражување исто така покажало и дека ЛГБТКИ младите во Македонија користат себе-прикривање како заштитен механизам посебно кога станува збор за нивните

родители и семејства. ЛГБТКИ лицата во ова истражување исто така имале повеќе проблеми во однос на менталното здравје, што било истражено врз база на Скалата на руминативни одговори.

Стојановски (2017) спроведува истражување за потребите на заедницата на сексуални и родови малцинства во Македонија. Според ова истражување, национализмот, кој ја прикажува нехетеросексуалноста како абнормална е еден од главните проблеми. Тука се приклучуваат и медиумското портретирање на сексуалните и родовите малцинства, како и недостатокот на политичка волја за идентификување и излегување во пресрет на потребите на овие малцинства. Овој недостаток од заштита од страна на владините институции, довело до чувства на изолираност, страв и недостаток на доверба кај овие малцинства. Припадниците на сексуалните и родови малцинства сметаат дека општествените и културни фактори кои долго време се вкоренети во Македонското општество, како патријархалноста и мизогините учења, ја потиснуваат и оневозможуваат различноста, еднаквоста и инклузивноста. Кога станало збор за менталното здравје, членовите на оваа заедница сметаат дека поради општествената стигма и дискриминација искусиле депресија, анксиозност, стрес, како и страв да бидат перцепирани како дел од оваа заедница.

## Истражувачки хипотези

Адлер, Хорни, Саливан, Марфи, Леки, Фром, Комбс, Сниг, Роџерс, Анањев, Валон и многу други теоретизирале за различните аспекти на прифаќањето, како и нивната меѓусебна поврзаност (Berger, 1952; Taylor & Combs, 1952; Coons, McEachern & Annis, 1973; Merenda, 2010; Williams & Lynn, 2010; Rigby & Bortolozzo, 2013, Rogers, 1951,1961, 1992, 1995; Kozmina, 2013). Позитивна корелација мегу различните аспекти на прифаќањето била присутна во истражувањата на Бергер, Феј, Омвејк, Ширер, Суин и Хил, и Там (Berger, 1952; Fey, 1954; Fey 1955; Omwake, 1954; Sheerer, 1949; Suinn & Hill, 1964; Thamm, 1972).

Така, во истражувањето на Бергер утврдена е значајна позитивна корелација помеѓу изразеното себеприфаќање и изразеното прифаќање на другите кај различните групи кои биле дел од истражувањето, освен во една група (p=0,06) (Berger, 1952). Истражувањето на Феј (Fey, 1954) исто така покажало позитивна корелација помеѓу себеприфаќањето и прифаќањето на другите (p<0,01). Во следното истражување Феј утврдил дека “индивидуите со високи скорови на себеприфаќање имаат тенденција да ги прифаќаат другите, да се чувствуваат прифатено од другите, но всушност да не бидат ниту повеќе ниту помалку прифатени од другите, за разлика од оние со ниски скорови на себеприфаќање. Индивидуите со високи скорови на прифаќање на другите пак имаат тенденција да се чувствуваат прифатени од другите и се стремат да бидат прифатени од другите” (Fey, 1955, p.276). Омвејк утврдил дека индивидуите со високо себеприфаќање имаат тенденција да ги прифаќаат другите, со тоа што добил позитивна корелација помеѓу себеприфаќањето и ставовите кон другите (Omwake, 1954). Истражувањето на Ширер било спроведено на мал примерок, при што испитаници биле особи кои одат на советување (Sheerer, 1949). Главниот заклучок на ова истражување е позитивната поврзаност на ставовите кон другите (прифаќање и почитување на другите) со ставовите кои особата ги има за себе (себеприфаќање и себепочитување). Суин и Хил (Suinn & Hill, 1964) во нивното истражување утврдиле позитивна корелација помеѓу скоровите на себеприфаќање и прифаќање на другите ,35 (p<0,01). Слични наоди добил и Там кој утврдил

поврзаност ,33 (p<0,01) помеѓу себеприфаќањето и прифаќањето на други луѓе (Thamm, 1972).

Со оглед на теоријата и претходно наведените истражувања се поставува следната хипотеза:

**Хипотеза А – Со зголемување на перцепираното прифаќање од другите се зголемува себеприфаќањето и прифаќањето на другите**.

Според истражувањето на Риф, себеприфаќањето може значајно да се предвиди со полот, при што женските имале пониско просечно себеприфаќање од машките (Ryff, 2003). Овие полови разлики, во огромно мнозинство објаснувања се третираат како резултат на родовата улога, односно од „инфериорноста„ на женската улога која ја диктира патријархалното општество.

Може да се заклучи дека според теоријата за позитивна поврзаност на перцепираното прифаќање, себеприфаќањето и прифаќањето на други, се очекува мажите да имаат повисоки нивоа на сите аспекти на прифаќањето отколку жените. Ова важи и за лицата со хетеросексуална ориентација во споредба со лицата со хомосексуална ориентација, пред сѐ заради јавната прифатеност на лицата со хетеросексуална ориентација, и следствено јавната неприфатеност на лицата со нехетеросексуална ориентација. Се очекува хетеронормативноста да има негативно влијание кај мажите со хомосексуална ориентација, па според тоа се претпоставува дека тие ќе имаат најниско перцепирано прифаќање. Од истата причина, може да се очекува, жените со хомосексуална ориентација да имаат повисоки нивоа на прифаќање, себеприфаќање и прифаќање на другите во споредба со мажите со хомосексуална ориентација.

Оттука, може да се претпостави дека:

**Хипотеза Б – Перцепираното прифаќање од други е највисоко кај мажите со хетеросексуална ориентација, а помеѓу жените со хетеросексуална и жените со хомосексуална ориентација нема разлики во перцепираното прифаќање од други, но тоа е повисоко отколку кај мажите со хомосексуална ориентација.**

Според претходно наведените истражувања се очекува поголемо себеприфаќање кај лицата од машки пол. Според теоријата на позитивна поврзаност на трите аспекти на прифаќањето, како и спроведените истражувања (Berger, 1952; Fey, 1954, 1955; Omwake, 1954; Sheerer, 1949; Suinn & Hill, 1964; Thamm, 1972) се очекува дека лицата со хетеросексуална ориентација ќе имаат поголем степен на себеприфаќање отколку лицата со хомосексуална ориентација.

Во квалитативната студија на Харпер, Бродски и Брус е покажано дека младите хомосексуалци кои опишале блискост и прифаќање од другите биле способни да изградат мрежи на социјална поддршка и да изградат резилиентност во хетеронормативна средина. Нивните пријатели и врсници им помогнале да постигнат позитивно чувство на идентитет. Оние кои дискутирале за прифаќање ги концентрирале нивните одговори на себеприфаќање или прифаќање од други (перцепирано прифаќање) (Harper, Brodsky & Bruce, 2012).

Имајќи го ова во предвид, може да се претпостави дека:

**Хипотеза В – Себеприфаќањето е највисоко кај мажите со хетеросексуална ориентација, а помеѓу жените со хетеросексуална и женските со хомосексуална ориентација нема разлики во себеприфаќањето, но тоа е повисоко отколку кај мажите со хомосексуална ориентација**.

Сепак, иако теоријата зборува за позитивна поврзаност кај сите три варијабли, дискутабилна е нивната поврзаност од аспект на пол, кога станува збор за прифаќањето на другите. Со други зборови, сепак се очекува женските да имаат повисоки нивоа на прифаќање на другите отколку машките.

Во спометотото истражување на Риф се покажало дека женските имаат значајно попозитивни односи со други (може да се поврзе со прифаќање на другите), отколку машките (Ryff, 2003). Ова го поткрепуваат истражувањата како и теоријата на социјални улоги на Игли и Вуд, која сугерира дека женските се охрабрувани да развијат општи црти насочени кон другите, и дека возрасните женски кои поседуваат такви црти се високо ценети (Eagly и Wood, 1999).

**Хипотеза Г – Прифаќањето на другите е највисоко кај жените со хетеросексуална ориентација, а помеѓу мажите и жените со хомосексуална ориентација нема разлики во прифаќањето на другите, но тоа е повисоко отколку кај мажите со хетеросексуална ориентација**.

# МЕТОД

## Испитаници

Во истражувањето учествуваа 136 испитаници, поделени во четири групи со еднаков број на испитаници според изјаснувањата на самите испитаници за нивната полова припадност како и сексуалната ориентација. Структурата на примерокот според пол и сексуална ориентација е прикажана во Табела 1. Следствено се добија 4 групи: женски со хомосексуална, машки со хомосексуална, женски со хетеросексуална и машки со хетеросексуална ориентација.

Табела 1. *Структура на примерокот на испитаници (сексуална ориентација и пол)*

| **Испитаници (N = 136)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Сексуална ориентација** | **Машки** | **Женски** | **Вкупно** |
| Хетеросексуална ориентација | 34 (25%) | 34 (25%) | 68 (50%) |
| Хомосексуална ориентација | 34 (25%) | 34 (25%) | 68 (50%) |
| Вкупен број на испитаници | 68 (50%) | 68 (50%) | 136 (100%) |

Заради потешкотиите во идентификување на припадниците на хомосексуалната ориентација, беше користен верижен примерок. Односно прво се идентификуваа неколку лица со хомосексуална ориентација, па потоа со нивна помош се дојде до останатиот дел испитаници со хомосексуална ориентација. Едначењето на испитаниците со хомосексуална ориентација со лица со хетеросексуална ориентација беше правено така што беа земени демографските карактеристики на испитаниците, поточно демографските карактеристики кои претходно беа одредени како релевантни варијабли, односно полот, возраста, нивото на образование, брачниот и работниот статус и беа барани нивни парови, односно лица со хетеросексуална ориентација, кои ги поседуваат истите демографски карактеристики. Важно е да се напомене дека сите испитаници моментално живееа во Скопје и беа од македонска националност.

Со оглед на тоа што испитаниците беа едначени врз база на сексуалната ориентација, истите демографски карактеристики се среќаваат кај припадниците на примерокот кои изјавија дека се со хетеросексуална, односно хомосексуална ориентација. Кога станува збор за возраста, испитаниците кои учествуваа во истражувањето варираа од 20-35 години. Просечната возраст на испитаниците е M=24,44 години, со стандардна девијација SD=4,36.

Според релевантната варијабла ниво на образование се разликуваа две категории: испитаници со средно, и испитаници со високо образование. Од вкупниот број на субјекти во примерокот, 62 (45,6%) се со средно образование, додека 74 (54,4) се со високо образование.

Испитаниците исто така беа поделени на две категории според релевантната варијабла брачен статус, односно на испитаници кои се и не се во врска. Од вкупниот број на субјекти во примерокот, 82 (60,3%) не биле во врска, додека 54 (39,7) биле во врска во периодот кога го пополнувале прашалникот.

Според релевантната варијабла работен статус, испитаниците беа поделени во три категории: студенти, невработени и вработени. Од вупниот број на испитаници, студенти се 40 (29,4%), невработени се 20 (14,7%), додека вработени се 76 (55,9%).

## Мерни инструменти

Во ова истражување, податоците беа прибирани со користење на следните инструменти: Скала за перцепирано прифаќање (СПП) – Perceived Acceptance Scale (PAS) на Даглас Мајкл Брок, Скала за себеприфаќање на Бергер (ССП) - Berger's self-acceptance scale (SAS) и Скала за прифаќање на другите - Acceptance of Others Scale на Вилијам Ф. Феј. Внатрешната хомогеност на инструментите за испитаниот примерок испитаници беше проверена преку утврдување на Кронбах алфа-коефициенти (табела 2).

Табела 2. *Внатрешна хомогеност на скалите применети во истражувањето*

| **Скали применети во истражувањето** | **Кронбах алфа-коефициент** | **Број на ајтеми** |
|---|---|---|
| Скала за перцепирано прифаќање | 0,94 | 44 |
| Скала за себеприфаќање | 0,91 | 36 |
| Скала за прифаќање на другите | 0,76 | 20 |

Скалите применети во истражувањето имаат релативно висока внатрешна хомогеност, со вредности на Кронбах алфа-коефициентите од α=0,76 до α=0,94. Највисока внатрешна хомогеност е утврдена кај Скалата за перцепирано прифаќање (α=0,94). Висока внатрешна хомогеност е утврдена е и кај Скалата за себеприфаќање (α=0,91). Иако најниска, сепак е задоволителна внатрешната хомогеност на Скалата за прифаќање на другите (α=0,76), која што може да се должи и на двојно помалиот број на ајтеми, споредено со другите применети скали.

## *Скала за перцепирано прифаќање (СПП) – Perceived Acceptance Scale (PAS) by Douglas Michael Brock*

Скалата за перцепирано прифаќање (СПП) служи за мерење на општото перцепирано прифаќање од другите, како и на перцепирано прифаќање при специфични категории на односи. Прифаќањето во СПП е дефинирано како "специфични за односот и релативно стабилни когнитивни вреднувања дека другите се грижат за нас и не ценат и дека нивната грижа за нас не зависи од нашето завземање на одредени ставови или од тоа да се однесуваме поразлично од нашето типично однесување" (Brock, Sarason, Sanghvi & Gurung, 1998,p. 6).

СПП се состои од 44 ајтеми кои имаат цел да ја проценат перцепцијата на прифаќање во четири специфични категории на односи: со пријатели (12 ајтеми), со фамилија (12 ајтеми), со мајката (10 ајтеми) и со таткото (10 ајтеми). Одговорите

се даваат на Ликертова скала од 1 („воопшто не се согласувам„) до 5 (сосема се согласувам„). Вкупниот скор на тестот може да се движи од 44 до 220, при што понизок скор значи помал степен на перцепирано прифаќање, додека повисок скор значи поголем степен на перцепирано прифаќање.

При развојот и валидацијата на СПП (Brock, Sarason, Sanghvi & Gurung, 1998), за секоја субскала е забележана адекватна внатрешна конзистентност, со алфа 0,94 за субскалата мајка, 0,93 за субскалата татко, 0,92 за субскалата семејство и 0,80 за субкалата пријатели, алфа коефициентот на целата скала изнесува 0,96, како и конвергентна и дискриминантна валидност. СПП покажала и задоволителна тест-ретест релијабилност (Brock, Sarason, Sanghvi & Gurung, 1998).

### *Скала за себеприфаќање на Бергер (ССП) – Berger's self-acceptance scale (SAS)*

Скалата за себеприфаќање на Бергер од 1952 беше користена за утврдување на степенот на себеприфаќање. Себеприфаќањето, кога станува збор за ССП е дефинирано преку карактеристиките со кои според Бергер се одликува личноста која се прифаќа себе си: таа примарно се ослонува на интернализирани вредности и стандарди, наместо на надворешни притисоци, кога станува збор за тоа што го води нејзиното однесување; има доверба во нејзиниот капацитет да се справи со животот; превзема одговорност и ги прифаќа последиците на сопственото однесување; не се обидува да ги порекне или видоизмени нејзините чувства, мотиви, ограничувања, способности или било какви квалитети кои ги гледа во самата себе, туку таа истите ги прифаќа без самоосудување; се смета за вредна, односно достојна личност, која е на еднакво ниво со другите особи; не очекува да биде одбиена, односно отфрлена од другите особи, без разлика дали дала или не дала причини за тоа; и таа не се вреднува себе си како сосема различна од другите особи, не е срамежлива или самосвесна (Berger, 1952).

Скалата за себеприфаќање се состои од 36 ајтеми на кои испитаниците одговараат на скала од 1 („сосема невистинито за мене") до 5 („вистинито за

мене”). Вкупниот можен скор на тестот се движи во опсег од 36 до 180, при што понизок скор значи помал степен на себеприфаќање, додека повисок скор значи поголем степен на себеприфаќање.

Според Бергер, Спирмановиот коефициент кај различните групи кои биле дел од примерокот бил 0,89 или поголем, освен кај една група каде изнесувал 0,75 (Berger, 1952). Постојат докази и за конвергентна валидност на ССП. Пресметана е корелација од 0,73 помеѓу Скалата за себеприфаќање на Бергер и Скалата за себеприфаќање на Филипс, и корелација од 0,49 помеѓу Скалата за себеприфаќање на Бергер и Индексот на себеприфаќање на Билс (Mangen & Peterson, 1982).

### *Скала за прифаќање на другите – Acceptance of Others Scale by William F. Fey*

Скалата за прифаќање на другите (СПД) на Вилијам Ф. Феј од 1955 беше користена за да се утврди степенот на прифаќање на другите кај испитаниците. Скалата се состои од 20 ајтеми на кои испитаниците одговараа на скала од 1 („скоро секогаш вистинито”) до 5 („многу ретко вистинито”). Скорот на тестот се движи од 20 до 100, при што понизок скор значи помал степен на прифаќање на другите, додека повисок скор значи поголем степен на прифаќање на другите.

Феј измерил релијабилност на СПД од 0,76 (1954), и 0,90 (Fey, 1955). Во истражувањето на Гианули и Стојанова (2006) измерена е релијабилност на СПД α=0,71 кај примерокот од Бугарија, и α =0,91 кај примерокот од Грција (според Giannouli & Stoyanova, 2014).

## Постапка

Кога станува збор за подготовка на истражувањето, беше спроведено пилот-истражување и главно истражување. Пилот – истражувањето беше спроведено на пригоден примерок со цел да се провери генералната употребливост на мерните инструменти, односно да се процени разбирливоста на инструкциите и прашањата како и за да се утврди времето кое е неопходно за пополнување на прашалниците. Во прашалницте не беа најдени двосмислени и неразбирливи ајтеми, а времето потребно за нивно пополнување беше проценето на 20тина минути.

Истржувањето започна со прибирање на податоците на испитаниците со хомосексуална ориентација. Беше користен верижен примерок, односно за почеток беа контактирани неколку личности кои се сметаат себеси за припадици на хомосексуалната ориентација. Тие беа информирани за целта на истражувањето, а исто така им беше укажано за анонимноста и доверливоста на податоците. Инструкциите за пополнување на прашалниците беа презентирани усно и писмено. Потоа овие испитаници беа замолени да посочат уште неколку нивни познаници кои имаат иста сексуална ориентација и кои тие сметаат дека би биле заинтересирани да учествуваат во истражувањето. Заради маргинализираноста на оваа група, како и обемноста на прашалниците, прибирањето на податоците траеше подолго од очекуваното. Беа потребни шест месеци за да се приберат податоците за 68 испитаници кои се произјаснија дека се припадници на оваа популација.

Следен чекор беше едначење на испитаниците со хомосексуална ориентација со лица со хетеросексуална ориентација. Барањето лица од хетеросексуална популација кои ги задоволуваат сите карактеристики за да се обезбедии изедначување, исто така траеше неколку месеци.

Заради специфичноста и недостапноста на примерокот, беа користени и прашалници во хартиена верзија и онлајн примероци. На крајот на прашалниците, испитаниците беа информирани дека доколку се заинтересирани

за резултатите од ова истражување, можат да остават e-mail адреса, за подоцна да бидат известени за истите.

Истражувањето беше спроведено во текот на 2017 година.

## Статистичка обработка на податоците

За статистичка проверка на хипотезата А се користеше Спирманов коефициент на корелација, додека за проверка на останатите хипотези се користеше двофакторска анализа на варијанса за корелирани групи. За статистичката обработка на податоци беше користен софтверскиот пакет IBM SPSS Statistics 20.

# РЕЗУЛТАТИ

Резултатите од анализата на добиените податоци ќе бидат претставени во два дела.

Првично ќе бидат прикажани резултатите преку дескриптивна анализа, како и претставување на дескриптивни показатели на различните аспекти на прифаќањето во однос на полот и сексуалната ориентација.

Понатаму, ќе бидат прикажани резулатататите од тестирањето на поставените хипотези.

## Дескриптивни показатели

По спроведената дескриптивна анализа, прикажани се аритметичките средини (M), како и стандардните отстапувања (SD), за трите различни варијабли – перцепирано прифаќање од други, себеприфаќање и прифаќање на други кај сите испитаници (N=136), за лицата со хомосексуална ориентација (N=68), за лицата со хетеросексуална ориентација (N=68), а во рамките на приказите, овие вредности ќе бидат прикажани и според полот. Прикажан ќе биде и добиениот опсег на скорови за варијаблите, како и резултатите од Шапиро-Вилкс тестот.

Во табела 3 се прикажани дескриптивните показатели од анализата на сите испитаници – аритметичките средини (M), стандардните отстапувања (SD) и добиениот опсег на скорови за различните аспекти на прифаќањето - перцепирано прифаќање од други, себеприфаќање и прифаќање на други.

Со цел да се провери претпоставката на нормалност на варијаблите (Табела 3) беше користен Шапиро-Вилкс тест. Нормално дистрибуирана е варијаблата прифаќање на други ($W=0,98$; $p>0,05$), додека перцепираното прифаќање од други ($W=0,96$; $p<0,05$) и себеприфаќањето ($W=0,96$; $p<0,05$) не беа нормално дистрибуирани.

Табела 3. *Дескриптивни показатели на различните аспекти на прифаќањето*

| Аспект на прифаќање | M за сите испитаници (N=136) | SD | Добиен опсег на скорови | W | p |
|---|---|---|---|---|---|
| Перцепирано прифаќање од други | 169,83 | 25,97 | 101-213 | 0,96 | 0,001 |
| Себеприфаќање | 139,84 | 20,00 | 82-174 | 0,96 | 0,000 |
| Прифаќање на други | 56,22 | 9,70 | 38-87 | 0,98 | 0,064 |

Во табела 4 се дадени вредностите на дескриптивните показатели за различните аспекти на прифаќањето во однос на сексуалната ориентација.

Табела 4. *Дескриптивни показатели на различните аспекти на прифаќањето според сексуалната ориентација*

| Аспект на прифаќање | M за лица со хетеросексуална ориентација (N=68) | SD | M за лица со хомосексуална ориентација (N=68) | SD |
|---|---|---|---|---|
| Перцепирано прифаќање од други | 181,53 | 19,60 | 158,13 | 26,41 |
| Себеприфаќање | 144,04 | 16,71 | 135,63 | 22,16 |
| Прифаќање на други | 56,31 | 10,19 | 56,13 | 9,26 |

Во табела 5 се дадени вредностите на дескриптивните показатели за различните аспекти на прифаќањето во однос на полот.

Табела 5. *Дескриптивни показатели на различните аспекти на прифаќањето според полот*

| Аспект на прифаќање | M за сите мажи (N=68) | SD | M за сите жени (N=68) | SD |
|---|---|---|---|---|
| Перцепирано прифаќање од други | 163,94 | 25,25 | 175,72 | 25,52 |
| Себеприфаќање | 135,69 | 21,76 | 143,99 | 17,25 |
| Прифаќање на други | 56,56 | 9,73 | 55,88 | 9,73 |

Во табела 6 се дадени вредностите на дескриптивните показатели на различните аспекти на прифаќањето кај лицата со хетеросексуална ориентација во однос на полот.

Табела 6. *Дескриптивни показатели на различните аспекти на прифаќањето кај лицата со хетеросексуална ориентација според полот*

| Аспект на прифаќање | M за мажи (N=34) | SD | M за жени (N=34) | SD |
|---|---|---|---|---|
| Перцепирано прифаќање од други | 177,32 | 17,75 | 185,74 | 20,68 |
| Себеприфаќање | 140,76 | 16,73 | 147,32 | 16,27 |
| Прифаќање на други | 56,09 | 9,90 | 56,53 | 10,61 |

Во табела 7 се дадени вредностите на дескриптивните показатели на различните аспекти на прифаќањето кај лицата со хомосексуална ориентација во однос на полот.

Табела 7. *Дескриптивни показатели на различните аспекти на прифаќањето кај лицата со хомосексуална ориентација според полот*

| **Аспект на прифаќање** | **М за мажи (N=34)** | **SD** | **М за жени (N=34)** | **SD** |
|---|---|---|---|---|
| Перцепирано прифаќање од други | 150,56 | 24,70 | 165,71 | 26,23 |
| Себеприфаќање | 130,62 | 25,07 | 140,65 | 17,78 |
| Прифаќање на други | 57,03 | 9,68 | 55,24 | 8,87 |

## Резултати од тестирање на хипотезите

*Хипотеза А*

*Со зголемување на перцепираното прифаќање од други се зголемува себеприфаќањето и прифаќањето на другите.*

Со цел анализа на поврзаноста помеѓу различните аспекти на прифаќањето, а имајќи ја предвиди емпириската дистрибуција на варијаблите, беше користен Спирманов коефициент на корелација (Табела 8).

Табела 8. *Поврзаност помеѓу различните аскпекти на прифаќањето*

| | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|
| 1. Перцепирано прифаќање од други | - | | |
| 2. Себеприфаќање | ,617** | - | |
| 3. Прифаќање на други | ,172* | ,228** | - |

**p<0,01. * p< 0,05.

Резултатите во табела 8 покажуваат дека постои статистички значајна позитивна корелација помеѓу трите аспекти на прифаќањето – перцепираното прифаќање од други, себеприфаќањето и прифаќањето на други. Поврзаноста е најсилна помеѓу перцепираното прифаќање од други и себеприфаќањето ($r_s(134)=,62$, $p<,01$). Помалку силна е поврзаноста помеѓу себеприфаќањето и прифаќањето на други ($r_s(134)=,23$, $p<,01$). Најслаба е корелираноста помеѓу перцепираното прифаќање од други и прифаќањето на други ($r_s(134)=,17$, $p<,05$).

**Врз основа на добиените наоди, може да се заклучи дека се потврдува хипотеза А.** Со зголемувањето на перцепираното прифаќање од други, се зголемува себеприфаќањето и прифаќањето на другите.

*Хипотеза Б*

*Перцепираното прифаќање од други е највисоко кај мажите со хетеросексуална ориентација, а помеѓу жените со хетеросексуална и жените со хомосексуална ориентација нема разлики во перцепираното прифаќање, но, тоа е повисоко отколку кај мажите со хомосексуална ориентација.*

Пред да се продолжи со разгледување на резултатите важно е да се напомене дека резултатите треба да бидат земени во предвид со одредена резерва, со оглед на тоа што иако беше задоволена претпоставката за сферичност ($\varepsilon=1$), не беше задоволена претпоставката за нормална дистибуција ($W=0,96$; $p<0,05$).

Во табела 9 и график 1 се прикажани резултатите од спроведената двофакторска анализа на варијанса.

Табела 9. *АНОВА – пол, сексуална ориентација и перцепирано прифаќање од други*

| Извор на варирање | SS | df | MS | F | p |
|---|---|---|---|---|---|
| Пол | 4717,65 | 1 | 4717,65 | 7,79 | 0,009 |
| Сексуална ориентација | 18612,36 | 1 | 18612,36 | 52,93 | 0,000 |
| Интеракциски ефект (пол x сексуална ориентација) | 385,60 | 1 | 385,60 | 0,72 | 0,401 |

График 1. *Пол, сексуална ориентација и перцепирано прифаќање од други (АНОВА)*




Иако **не е утврден статистички значаен интеракциски ефект** (F(1)=0,72; p>0,05), утврден е **статистички значаен главен ефект во однос на сексуалната ориентација** (F(1)=52,93; p<0,01), што значи дека има разлики во степенот на перцепирано прифаќање од други кај лицата со хетеросексуална и хомосексуална ориентација, без да се земе предвид полот на истите. Потпирајќи се на претходно прикажаните дескриптивни показатели (Табела 4), се потврдува очекувањето дека лицата со хетеросексуална ориентација (M=181,53; SD=19,60) имаат повисок степен на перцепирано прифаќање од други, од лицата со хомосексуална ориентација (M=158,13; SD=26,41).

И во однос на **полот, утврден е статистички значаен главен ефект** ($F(1)=7,79$; $p<0,01$), што значи дека има разлики во степенот на перципирано прифаќање од други кај мажите и жените, без да се земе предвид нивната сексуална ориентација. Според претходно прикажаните дескриптивни показатели (Табела 5), може да се заклучи дека резултатите се движат во спротивен правец од очекуваниот, односно жените ($M=175,72$; $SD=25,52$) перципираат дека се повеќе прифатени од други во споредба со мажите ($M=163,94$; $SD=25,25$).

Причината за ваквите резултати станува појасна по разгледувањето на post hoc анализата, односно t – тестовите направени со цел да се утврди каков е ефектот на полот во комбинација со сексуалната ориентација.

Табела 10. *Разлики во перципирано прифаќање од други во однос на пол и сексуална ориентација (Post-hoc t-тест)*

| | **N** | **t** | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|
| Мажи со хетеросексуална ориентација и жени со хетеросексуална ориентација | 34 | -1,77 | 33 | 0,085 |
| Мажи со хетеросексуална ориентација и жени со хомосексуална ориентација | 34 | 2,12 | 33 | 0,042 |
| Мажи со хетеросексуална ориентација и мажи со хомосексуална ориентација | 34 | 5,32 | 33 | 0,000 |
| Жени со хомосексуална ориентација и жени со хетеросексуална ориентација | 34 | -3,87 | 33 | 0,000 |
| Мажи со хомосексуална ориентација и жени со хетеросексуална ориентација | 34 | -6,86 | 33 | 0,030 |
| Мажи со хомосексуална ориентација и жени со хомосексуална ориентација | 34 | -2,27 | 33 | 0,030 |

Post hoc анализата ни покажува дека главниот ефект во однос на полот не укажува недвосмислено на тоа дека жените имаат повисоко перципирано прифаќање од други од мажите, туку ваквите резултати можеби се должат на екстремно ниските нивоа на перципирано прифаќање од други кои ги пројавуваат мажите со хомосексуална ориентација. Така, иако нема статистички значајни

разлики помеѓу мажите и жените со хетеросексуална ориентација во перцепираното прифаќање од други ($t(33)=-1,77$; $p>0,05$), има разлики во споредба со жените со хомосексуална ориентација ($t(33)=2,12$; $p<0,05$), и очекувано во споредба со мажите со хомосексуална ориентација ($t(33)=5,32$; $p<0,01$). Потпирајќи се на претходно прикажаните дескриптиви во Табела 6 и Табела 7 може да се заклучи дека мажите со хетеросексуална ориентација ($M=177,32$; $SD=17,75$) имаат повисоки нивоа на перцепирано прифаќање и од жените со хомосексуална ориентација ($M=165,71$; $SD=26,23$), и од мажите со хомосексуална ориентација ($M=150,56$; $SD=24,70$).

Иако не беа очекувани, беа добиени разлики во перцепираното прифаќање од други помеѓу жените со хомосексуална ориентација и жените со хетеросексуална ориентација ($t(33)=-3,87$; $p<0,01$). Потпирајќи се на дескриптивите во Табела 6 и Табела 7, може да се заклучи дека жените со хетеросексуална ориентација ($M=185,74$; $SD=20,68$) имаат повисоки нивоа на перцепирано прифаќање од други во споредба со жените со хомосексуална ориентација ($M=165,71$; $SD=26,23$). Ваква голема разлика помеѓу жените не беше очекувана, а може да се претпостави дека таа всушност се должи на големата неприфатеност на лицата со хомосексуална ориентација во ова општество.

Надоврзувајќи се на интроектираната неприфатеност на лицата со хомосексуална ориентација, поткрепа даваат следните post hoc анализи. Како што и беше предвидено, мажите со хомосексуална ориентација имаат најниско перцепирно прифаќање од другите во споредба со сите групи. Претходно беше спомената екстремно високата разлика со мажите со хетеросексуална ориентација, но разлики има и со жените со хетеросексуална ориентација ($t(33)=-6,86$; $p<0,05$), како и со жените со хомосексуална ориентација ($t(33)=-2,27$; $p<0,05$). Така, базирајќи се на дескриптивите во Табела 6 и Табела 7, може да се заклучи дека мажите со хомосексуална ориентација имаат најниско перцепирано прифаќање од други ($M=150,56$; $SD=24,70$), споредено со сите други групи.

**Врз основа на добиените наоди, може да се заклучи дека хипотеза Б може да се прифати само делумно** и тоа во тврдењето дека перцепираното

прифаќање од други е најниско кај мажите со хомосексуална ориентација во споредба со сите други групи. Не е потврдено дека мажите со хетеросексуална ориентација имаат највисоко перцепирано прифаќање од други, ниту пак дека кај жените од хетеросексуална и хомосексуална ориентација нема разлики во степенот на перципирано прифаќање од други.

*Хипотеза В*

*Себеприфаќањето е највисоко кај мажите со хетеросексуална ориентација, а помеѓу жените со хетеросексуална и жените со хомосексуална ориентација нема разлики во себеприфаќањето, но тоа е повисоко отколку кај мажите со хомосексуална ориентација.*

Како и кај Хипотеза Б, и при приказот на наодите од тестирањето на оваа хипотеза треба се напомене дека иако беше задоволена претпоставката за сферичност ($\varepsilon=1$), не беше задоволена претпоставката за нормална дистрибуираност ($W=0,96$; $p<0,05$).

Во табела 11 и график 2 се прикажани резултатите од спроведената двофакторска анализа на варијанса за корелирани групи.

Табела 11. *АНОВА – пол, сексуална ориентација* и *себеприфаќање*

| Извор на варирање | SS | df | MS | F | p |
|---|---|---|---|---|---|
| Пол | 2338,94 | 1 | 2338,94 | 6,95 | 0,013 |
| Сексуална ориентација | 2405,76 | 1 | 2405,76 | 11,76 | 0,002 |
| Интеракциски ефект (пол x сексуална ориентација) | 102,38 | 1 | 102,38 | 0,28 | 0,599 |

График 2. *Пол, сексуална ориентација* и *себеприфаќање (АНОВА)*




Иако спроведената анализа упатува на тоа дека **нема статистички значаен интеракциски ефект** (F(1)=0,28; p>0,05), утврдени се **статистички значајни главни ефекти** и на **пол** (F(1)=6,95; p<0,05) и на **сексуална ориентација** (F(1)=6,95; p<0,05).

Утврдени се разлики во себеприфаќањето помеѓу лицата со хетеросексуална и хомосексуална ориентација, без оглед на полот на испитаниците. Насоката на оваа разлика се движи како што беше очекувано, односно, потпирајќи се на претходно прикажаните дескриптивни показатели (Табела 4), може да се заклучи дека лицата со хетеросексуална ориентација (M=144,04; SD=16,71) имаат повисок степен на себеприфаќање, од лицата со хомосексуална ориентација (M=135,63; SD=22,16).

Тоа што не беше очекувано е насоката на разликите кои беа најдени во себеприфаќањето во однос на полот , без оглед на сексуалната ориентација. Како и кај перцепираното прифаќање на другите, (Табела 5), можеме да заклучиме дека жените пројавија повисоки нивоа на себеприфаќање (M=143,99; SD=17,25) во споредба со мажите (M=135,69; SD=21,76). Се поставува прашањето на што се должат овие резултати кои не само што не ги поткрепуваат претпоставките, туку и се сосема спротивставени на истите.

Во табела 12 се прикажани резултатите од post hoc анализата, со чија помош можеме да дојдеме до објаснување на добиените резултати.

Табела 12. *Разлики во себеприфаќањето во однос на пол и сексуална ориентација (Post-hoc t-тест)*

| | N | t | df | p |
|---|---|---|---|---|
| Мажи со хетеросексуална ориентација и жени со хетеросексуална ориентација | 34 | -1,62 | 33 | 0,115 |
| Мажи со хетеросексуална ориентација и жени со хомосексуална ориентација | 34 | 0,03 | 33 | 0,973 |
| Мажи со хетеросексуална ориентација и мажи со хомосексуална ориентација | 34 | 2,35 | 33 | 0,025 |
| Жени со хомосексуална ориентација и жени со хетеросексуална ориентација | 34 | -1,74 | 33 | 0,092 |
| Мажи со хомосексуална ориентација и жени со хетеросексуална ориентација | 34 | -3,72 | 33 | 0,001 |
| Мажи со хомосексуална ориентација и жени со хомосексуална ориентација | 34 | -2,01 | 33 | 0,052 |

Разгледувањето на резултатите со помош на post hoc анализата, делумно фрла светло на прашањето што е всушност тоа што ги прави жените да имаат повисоко себеприфаќање од мажите. Како и во случајот со перцепираното прифаќање од други, тоа во голема мера се должи на очекувано ниските нивоа на себеприфаќање кај мажите со хомосексуална ориентација. Така, post hoc анализата покажува дека нема статистички значајни разлики меѓу мажите и жените со хетеросексуална

ориентација ($t(33)=-1{,}62$; $p>0{,}05$), со што и се отфрла првиот дел од хипотезата. Статистички значајни разлики има помеѓу мажите со хомосексуална ориентација и жените со хетеросексуална ориентација ($t(33)=-3{,}72$; $p<0{,}01$), и помеѓу мажите со хетеросексуална ориентација и мажите со хомосексуална ориентација ($t(33)=2{,}35$; $p<0{,}05$). Разликите се движат во очекуваната насока, односно земајќи ги во предвид дескриптивите (Табела 6 и Табела 7), можеме да кажеме дека мажите со хомосексуална ориентација (M=130,62; SD=25,07), имаат пониски нивоа на себеприфаќање од мажите со хетеросексуална ориентација (M=140,76; SD=16,73), и од жените со хетеросексуална ориентација (M=147,32; SD=16,27). На крај тоа што е важно да се напомене во однос на поставената хипотеза е дека се потврди очекувањето дека нема разлики помеѓу жените со хомосексуална и хетеросексуална ориентација ($t(33)=-1{,}74$; $p>0{,}05$).

**Врз основа на добиените наоди, може да се заклучи дека хипотеза В може да се прифати само делумно** и тоа во тврдењето дека нема разлики во себеприфаќањето помеѓу жените со хомосексуална и жените со хетеросексуална ориентација.

*Хипотеза Г*

*Прифаќањето на другите е највисоко кај жените со хетеросексуална ориентација, а помеѓу мажите и жените со хомосексуална ориентација нема разлики во прифаќањето на другите, но тоа е повисоко отколку кај мажите со хетеросексуална ориентација.*

Со цел да се утрди дали двофакторската анализа на варијанса е соодветен метод беа проверени сферичноста ($\varepsilon=1$) и нормалната дистрибуираност ($W=0{,}98$; $p>0{,}05$), при што беа задоволени двете претпоставки.

Во табела 13 и график 3 се прикажани резултатите од спроведената двофакторска анализа на варијанса за корелирани групи.

Табела 13. *АНОВА – пол, сексуална ориентација* и *прифаќање на други*

| Извор на варирање | **SS** | **df** | **MS** | **F** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|
| Пол | 15,56 | 1 | 15,56 | 0,15 | 0,700 |
| Сексуална ориентација | 1,06 | 1 | 1,06 | 0,01 | 0,918 |
| Интеракциски ефект (пол x сексуална ориентација) | 42,47 | 1 | 42,47 | 0,38 | 0,539 |

График 3. *Пол, сексуална ориентација* и *прифаќање на други (АНОВА)*




**Не е утврден статистички значаен интеракциски ефект** (F(1)=0,38, p=0,539; p>0,05), **ниту пак се утврдени главни ефекти** во однос на полот (F(1)=0,15; p>0,05), или во однос на сексуалната ориентација (F(1)=0,01; p>0,05).

**Врз основа на добиените наоди, може да се заклучи дека хипотеза Г може да се прифати само делумно** и тоа во тврдењето дека нема разлики во прифаќањето на други помеѓу мажите со хомосексуална ориентација и жените со хомосексуална ориентација.

# ДИСКУСИЈА

Ова истражување ја испитува поврзаноста на различните аспекти на прифаќањето – перцепираното прифаќање од други, себеприфаќањето и прифаќањето на други, како и сличностите и разликите во застапеноста на овие аспекти на прифаќањето кај мажите и жените со хомосексуална и хетеросексуална ориентација.

*Дискусија во однос на различните аспекти на прифаќањето*

И ова истражување, како и бројни други ја поткрепи теоријата на позитивна поврзаност помеѓу различните аспекти на прифаќањето. Највисока поврзаност беше утврдена помеѓу перцепираното прифаќање од другите и себеприфаќањето. Како што може да се забележи од претходно споменатите теории и истражувања, поголем акцент бил ставан, односно подлабоко се истражени себеприфаќањето и прифаќањето на другите, додека прифаќањето од другите речиси и да било занемарено. Спроведеното истражување укажува на неговата позитивна поврзаност пред се со себеприфаќањето. Следствено, особите кои сметале дека се прифатени од другите, пројавиле повисоки нивоа на себеприфаќање и обратно, особите кои имале високи нивоа на себеприфаќање, покажале високи нивоа на перцепирано прифаќање од другите. Може да се заклучи дека, со растењето на перцепираното прифаќање од други, расте и себеприфаќањето, односно, со намалување на перцепираното прифаќање од други, се намалува и себеприфаќањето. Овие наоди, се во согласност со терапевтскиот метод и теоријата на Роџерс. Така, терапевтот кој се води по пристапот на советување насочено кон особата, со своето безусловно позитивно ценење, ги зголемува нивоата на себеприфаќање кај клиентот, што води до позитивна промена. Иако ова истражување не ја поткрепува причинско-последничната врска, односно кој аспект на прифаќањето е причина, а кој последица, јасна е нивната поврзаност во личносниот склоп на особата.

Теоретичарите се согласуваат дека начинот на кој особата се перцепира себе си служи како централна точка за соодветниот начин на кој таа ги евалуира, перцепира и реагира на околината. Оттука произлегува уверувањето дека особата мора да се прифати себе си (себеприфаќање) пред да се манифестира нејзиното прифаќање на други. И кај мажите и жените со хомосексуална и хетеросексуална ориентација, се покажа позитивна поврзаност помеѓу овие аспекти на прифаќањето. Овој наод е конзистентен меѓу другите, со наодите на истражувањата на Ширер, Феј, Омвејк, Трент, и Вилијамс (Sheerer, 1949; Fey, 1954; Omwake, 1954; Trent, 1957; Williams, 1962). Иако ова истражување не покажува дали навистина е првично неопходно особата да се прифати себе си, за да се манифестира нејзиното прифаќање на другите луѓе, сепак ни ја покажува нивната поврзаност. Тоа што следува е дека ова истражување ја поткрепува теоријата дека особите со повисоки нивоа на себеприфаќање имаат тенденција да ги прифаќаат другите, и обратно, особите кои имаат високи нивоа на прифаќање на другите, имаат и високи нивоа на себеприфаќање.

Иако статистички значајна, во ова истражување, најниска е поврзаноста помеѓу перцепираното прифаќање од други и прифаќањето на други. Сепак, и овој податок ја поткрепува теоријата дека со зголемувањето на степенот на перцепираното прифаќање од други, расте и степенот на прифаќање на други, и обратно, особите со понизок степен на прифаќање на други пројавуваат понизок степен на перцепирано прифаќање од другите. И во овој случај не може да се заклучи кој од овие два аспекти на прифаќањето му претходи на другиот. Иако поврзаноста на овие два аспекти е ретко присутна во истражувањата, повторно може да се реферира на теорискиот и психотерапевтски концепт на Роџерс. Како што беше претходно кажано, терапевтот кој се води по овој пристап, со користење на концептот на безусловно позитивно ценење (перцепирано прифаќање од друг), ги зголемува нивоата на себеприфаќање кај клиентот, што понатаму се смета дека води до позитивна промена, која може да резултира во поголемо прифаќање на другите.

Од добиените наоди се наметнува следното прашање – дали можеби себеприфаќањето има средишна улога и ги обединува овие аспекти на

прифаќањето? Можеби себеприфаќањето е оној дел од личноста кој влијае на тоа во кој степен ќе ги прифатиме другите, и во кој степен ќе се чувствуваме прифатени од другите. Од друга страна пак, според истражувањето на Брок и сор. високите нивоа на перцепирано прифаќање водат до перцепција на ефикасност, која пак ги охрабрува позитивните социјални интеракции, кои пак можат да алудираат на позитивно прифаќање на другите (Brock et al., 1998). Во споменатиот модел на позитивна терапевтска промена на Роџерс, процесот исто така тргнува од перцепираното прифаќање од страна на терапевтот. Но што ако тргнеме од негативната страна на аспектите на прифаќањето? Можеби во тој случај централна улога би имало себеприфаќањето, односно ниското себеприфаќање би довело до неприфаќање на другите, како и до чувство дека особата со ниско себеприфаќање не е прифатена од другите. Во сите случаи, како што е напоменето важно е да се направи разлика помеѓу реалното прифаќање од другите и перципираното прифаќање од другите.

Иако со наодите од ова истражување не може да заклучиме кој аспект на прифаќањето е услов за варирањето на другите, сепак може да се заклучи нивната меѓусебна поврзаност, односно дека со зголемувањето на степенот на перцепирано прифаќање од други кај особата, се зголемува степенот на себеприфаќање и прифаќањето на другите.

*Дискусија во однос на поврзаноста на перцепираното прифаќање од други со полот и сексуалната ориентација*

Претходно разработената теорија и релевантни истражувања упатија на тоа дека највисоки нивоа на перцепирано прифаќање од други треба да имаат мажите со хетеросексуална ориентација, а најниско мажите со хомосексуална ориентација, додека помеѓу жените не се очекуваа разлики во перцепираното прифаќање од други во однос на сексуалната ориентација. Иако наодите од ова истражување не ги потврдија целосно очекуваните резултати, понудија неколку интересни точки за дискусија.

Пред сè, важно е да се напомене дека кога станува збор за поврзаноста на перципираното прифаќање од други со полот и сексуалната ориентација, наодите од ова истражување потврдија еден очекуван резултат, а тоа е дека лицата со хетеросексуална ориентација имаат повисоко ниво на перципирано прифаќање од други во споредба со лицата од хомосексуална ориентација. Овие резултати беа очекувани пред сè заради отворената дискриминација кон хомосексуалците, како и заради хетеронормативноста. Така, може да се тврди дека бидејќи се општествено неприфатена група (Димитров и Костовски, 2013; Стојановски, 2016), нивните нивоа на перципирано прифаќање од други се значајно пониски од оние на хетеросексуалците.

Како што хетеронормативноста налага поголемо прифаќање кај хетеросексуалците, за разлика од хомосексуалците, се очекуваше хетеронормативноста да услови поголеми нивоа на перципирано прифаќање од други кај мажите, отколку кај жените. Но, наодите на ова истражување го покажаа сосема спротивното - жените имаат повисоки нивоа на перципирано прифаќање од другите во споредба со мажите. Иако хетеронормативноста, сексизмот, патријархалноста во Македонија укажуваат на тоа дека мажите би требале да имаат повисоки нивоа на овој аспект на прифаќањето, сепак тоа не е случај во ова истражување. Се наметнува прашањето зашто е тоа така? Можеби една од причините е што станува збор за перципираното прифаќање од други, односно когнитивно вреднување на самата особа, а не реалното прифаќање од други. Можеби една од причините е и возраста на испитаниците кои учествуваа во истражувањето. Така според студијата на Конел и Месершмит, женственоста е скоро секогаш изедначена со хетеросексуална привлечност и семејните способности, додека машкоста со менталните и физичките способности, лидерските способности и храброста (Connell & Messerschmidt, 2005). Модерните трендови и движења веќе со години пропагираат менување на овие гледишта. Се пропагира прифаќање и сакање на сите облици на телото, како и еднакво распределување на домашните и семејните обврски. Едноставно кажано, можеби од жената повеќе не се бара да биде физички совршена. Од друга страна пак, мажите се соочени со учење на нови родови улоги. Повеќе не се важни само

нивните ментални и физички способности, туку од нив се бараат и оние карактеристики, кои претходно биле карактеризирани како женски. Така, модерниот маж треба да биде не само физички силен, туку и физички привлечен, не само присутен на финански план во домот, туку треба да ја развие и улогата на родител, како и да помага со домашните обврски. Можеби кај конкретната популација мажи се јавува конфликт, помеѓу традиционалните и модерните вредности. Па така, перцепираното прифаќање од други кое еден маж би го имал може да зависи од тоа дали особите кои го прифаќаат се машки или женски. Затоа што доколку станува збор за машки, треба да поседува повеќе карактеристики кои се базираат на традиционални вредности, додека доколку се во прашање жени, мажот треба да поседува и модерни вредности. Можеби тоа е она што ги прави мажите во ова истражување да не се чувствуаат прифатено, додека жените, кои со години се прилагодуваат кон барањата на општеството, со моментално помал притисок од модерните трендови, немаат пониски нивоа на перцепирано прифаќање од мажите.

Наодите за разликите во перцепирантото прифаќање од други стануваат појасни кога ќе се разгледаат во аспект на направените post hoc тестови. Тука всушност се гледа дека разликите помеѓу мажите и жените во перцепираното прифаќање од други не се всушност онакви како што изгледаат на прв поглед. Иако не се поткрепи претпоставката дека мажите имаат највисок степен на прифаќање на други, се разјасни наодот спротивен на претпоставката – поголемиот степен на перцепирано прифаќање на други кај жените. Post hoc анализата покажа дека мажите со хомосексуална ориентација всушност го “влечат надолу” степенот на перцепирано прифаќање од други на мажите. Тие имаат пониски нивоа споредени со сите групи, и ја потврдуваат претпоставката за најнеприфатена група во нашето општество, група која отворено и пркоси на хетеронормативноста.

*Дискусија во однос на поврзаноста на себеприфаќањето со полот и сексуалната ориентација*

Релевантните истражувања, како и претходно разработената теорија укажуваа на тоа дека мажите со хетеросексуална ориентација се очекува да имаат највисоки нивоа на себеприфаќање, а најниски нивоа на себеприфаќање да имаат мажите со хомосексуална ориентација (Rubin, 1984; Ruff, 2003; Russell, McGuire & Russell, 2012). Помеѓу жените не се очекуваа разлики во себеприфаќањето во однос на сексуалната ориентација. Добиените наоди не ги потврдија очекувањата.

Наод од ова истражување кој ги потврди очекувањата беше дека лицата со хетеросексуална ориентација имаат повисоки нивоа на себеприфаќање за разлика од лицата со хомосексуална ориентација. Ова беше очекувано заради позитивната поврзаност на аспектите на прифаќањето, односно пред се заради хетеронормативноста и општата неприфатеност и дискриминација на нехетеросексуалците.

Како и во претходно дискутираниот случај со перцепираното прифаќање од други и себеприфаќањето даде спротивни резултати од очекувањето кога станува збор за неговиот однос со полот. Така, наодите укажаа дека мажите немаат повисоко ниво на себеприфаќање од жените. Иако овие резултати одат во прилог на позитивната поврзаност помеѓу различните аспекти на прифаќањето, сепак се спротивни од очекуваното. Додека резултатите на истражувањето на Риф покажаа повисоки нивоа на себеприфаќање кај мажите, и беа третирани како резултат на родовата улога, односно од „инфериорноста„ на женската улога диктирана од патријархалното општество, ова истражување даде спротивни резултати (Ryff, 2003). Се поставува прашањето што е тоа што ги прави овие мажи да немаат повисок степен на себеприфаќање од жените?

Потпирајќи се на теоријата, како и добиените резултати за позитивната поврзанот на трите аспекти на прифаќањето, и за себеприфаќањето можат да се направат слични претпоставки како и за перцепираното прифаќање од други. Можеби токму модерните трендови се причината за менување на нештата, за ослободување на жената од стереотипните родови улоги, со што таа учи и успева

во поголем степен да се прифати таква каква што е. А токму барањата на модерното време од мажот да биде активен и успешен на сите полиња од животот, кои се релативно нови барања во општество какво што е Македонија, го ставаат мажот во една конфликтна ситуација помеѓу традиционалните и модерните вредности. Можеби токму овој конфликт, го оневозможува мажот да се прифати онаков каков што навистина е.

Доколку тргнеме од теоријата и истражувањата на оваа тема кои посочуваат дека мажите треба да имаат повисок степен на себеприфаќање се наметнува и следното прашање. Дали добиените наоди се такви затоа што се зголемило нивото на самодоверба кај жените, што на некој начин би било позитивна општествена промена, или пак наодите се такви затоа што се намалило нивното на самодоверба кај мажите, што од друга страна би претставувало негативна општествена промена? Можеби континуираниот период на транзиција во кој се наоѓа Македонија, не само на политички план, придонел кон опаѓање на самодовербата кај мажите, додека жените стекнале одредена резилиентност.

Одговор на дел од овие прашања даваат спроведените post hoc тестови. Како и во случајот со перцепираното прифаќање од други, така и нивоата на самодоверба на мажите како група, се всушност намалени од страна на мажите припадници на хомосексуалната ориентација. И во овој случај, иако спротивно од очекуваното, нема разлики помеѓу мажите и жените со хетеросексуална ориентација, но има разлики во степенот на себеприфаќање помеѓу припадните на хетеросексуалната ориентација од двата пола и мажите со хомосексуална ориентација, кои очекувано не одат во прилог на мажите со хомосексуална ориентација. Повторно и во овој аспект на прифаќањето се издвојуваат мажите со хомосексуална ориентација како најмалку општествено прифатена група.

*Дискусија во однос на поврзаноста на прифаќањето на други со полот и сексуалната ориентација*

Иако се очекуваше и беше потврдена од наодите позитивната поврзаност помеѓу трите аспекти на прифаќањето, сепак заради теоријата и истражувањата се очекуваше прифаќањето на други, да оди во спротивен правец од другите два аспекти на прифаќањето во однос на полот (Eagly & Wood, 1999; Ryff, 2003). Односно, се очекуваше жените со хетеросексуална ориентација да имаат највисок степен на прифаќање на другите, а мажите со хетеросексуална ориентација да имаат најнизок степен на прифаќање на другите. Помеѓу лицата со хомосексуална ориентација не се очекуваа разлики на степенот на прифаќање на другите во однос на полот.

Наодите од ова истражување не покажаа статистички значајни разлики кога станува збор за прифаќањето на другите во однос ниту на полот, ниту на сексуалната ориентација. Кога станува збор за односот на прифаќањето на други и сексуалната ориентација, потпирајќи се повторно на позитивната поврзаност на трите аспекти на прифаќањето, се очекуваше лицата со хомосексуална ориентација да имаат пониски нивоа на прифаќање на другите од лицата со хетеросексуална ориентација. Но, наодите не го потврдија ова очекување. Можеби токму неприфатеноста на лицата со хомосексуална ориентација, во општество во кое е скоро законски неказнива и отворена дискириминацијата врз база на сексуална ориентација (Богдановска, 2016; Стојановски 2016), ги прави истите поемпатични кон другите и лица, односно го зголемува нивниот степен на прифаќање на другите. На овие наоди може да се гледа и негативно, односно да се претпостави дека прифаќањето на други не се разликува во однос на сексуалната ориентација заради тоа што лицата со хетеросексуална ориентација не ги прифаќаат другите. Што пак ако се повикаме на резултатите од погореспоменатите студии, се чини дека е мошне веројатно.

Наодите од ова истражување не покажаа статистички значајни разлики ниту во однос на прифаќањето на други и полот. Како што беше претходно наведено, првичниот проблем кога станува збор за предвидување на разликите во однос на

прифаќањето на други во однос на полот претставува позитивната поврзаност меѓу аспектите на прифаќање од една страна, што наведува на поголем степен на прифаќање на други кај мажите, и од друга страна очекувања од жените да градат попозитивни односи со другите, и поттикнувањето кај жените да развиваат општи својства насочени кон другите (Eagly & Wood, 1999; Ryff, 2003), што пак наведува на поголем степен на прифаќање на други кај жените. Со оглед на тоа што и претходно разгледаните наоди во ова истражување, за перцепираното прифаќање на други и себеприфаќањето беа спротивни од очекувањата во однос на полот според теоријата и истражувањата, овој наод како да ги обединува позитивната поврзаност на аспектите на прифаќањето и истражувањата, како оние на Игли и Вуд, и Риф (Eagly & Wood, 1999; Ryff, 2003).

Следствено, според теоријата и наодите на позитивната поврзаност на прифаќањето би требало мажите да имаат повисоки нивоа на прифаќање на други, додека според очекувањата на женската улога за градење на позитивни односи со другите, жените би требало да се тие што имаат повисоки нивоа на прифаќање на други. Но, ако се осврнеме на претпоставките дека мажите во Македонија се наоѓаат во конфликт на родовите улоги, во однос на модерните и традиционалните вредности, можеби и од нив се очекува да градат позитивни социјални односи, со што би се зголемило нивното прифаќање на другите, со што не би имало разлики помеѓу мажите и жените кога станува збор за прифаќање на другите.

### *Ограничувања на истражувањето*

Ова истражување за трите аспекти на прифаќањето – перцепираното прифаќање од други, себеприфаќањето и прифаќањето на други кај мажите и жените со хетеросексуална и хомосексуална ориентација во Скопје, освен што придонесува за разбирањето на овие аспекти на прифаќањето кај мажите и жените со хетеросексуална и хомосексуална ориентација, тоа за прв пат ја истражува оваа тема, со што отвара можност за понатамошни студии. Ова истражување има ограничувања.

Првично, истражувачки хипотези се проверени само на верижен примерок на лица со хомосексуална ориентација, кој потоа е едначен врз база на релевантните варијабли со намерен примерок на лица со хетеросексуална ориетација. Исто така, пред се заради потешката достапност на лицата со хомосексуална ориентација, примерокот е релативно мал, што значи дека може да не е репрезентативен за целата популација, што пак има влијание на можноста за сигурна генерализација. Важно е и да се напомене дека наодите исто така треба да бидат земени со одредена резерва заради тоа што не беше задоволена претпоставката за нормална дистрибуираност која ја бара двофакторската анализа на варијанса за корелиран групи, кога станува збор за перцепираното прифаќање од други и себеприфаќањето. Исто така треба да се напомене дека во ова истражување не беше определен возрасниот период на испитаниците, односно нивната возраст се движеше од 20 – 35 години, при што позастапени беа помладите лица, што исто така може да влијае на наодите. Заради пригодноста, како и релевантноста на местото на живеење, испитаниците беа особи кои живеат во Скопје, што значи дека наодите би биле веројатно поинакви, доколку испитаниците беа жители од различни градови во Македонија. Истото може да се каже и за националната припадност. Во ова истражување учествуваа само лица со македонска националност, што значи дека наодите не смеат да се генерализираат на сите жители на Скопје, туку само на лицата со Македонска националност кои живеат во Скопје, а и генеразилирањето на овие лица треба да биде правено со задршка. Друг недостаток на истражувањето е и невклучувањето на другите сексуални ориентации, со што веројатно би се добиле и различни и подлабоки наоди.

Во истражувањето се користеа мерни инструменти кои се засноваат на самоизвестување. Самото тоа влијае врз начинот на одговарање од страна на испитаниците, во однос на повеќе или помалку точно известување од страна на мажите и жените со хетеросексуална и хомосексуална ориентација, во зависност од тоа што тие сметаат дека се социјално пожелни одговори.

*Сугестии за натамошни истражувања, политики и програми*

Утврдувањето на позитивната поврзаност на трите аспекти на прифаќањето – перцепираното прифаќање од други, себеприфаќањето и прифаќањето на други, како и на разликите кај перцепираното прифаќање на други и себеприфаќањето во однос на полот, како и на сексуалната ориентација сугерира на спроведување на понатамошни истражувања, изготвување на политики, стратегии и специфични програми.

Идните истражувачи би можеле да се насочат кон испитување на поголем, посеопфатен примерок, кој може да вклучува и други членови на нехетросексуалната ориентација. Исто така треба да се вклучат и жители на другите градови, како и рурални делови на Македонија, со цел да се добие целосна слика на состојбата во државава. Понатака, истражувањето може да се спроведе и врз испитаници од конкретни возрасни групи, или пак да бидат опфатени припадници со поширок возрасен распон. Исто така, во идните истражувања би можело да се направи компарација на лица со хетеросексуална и хомосексуална ориентација со различна етничка припадност.

Навраќајки се на добиените резултати за разликите во перцепираното прифаќање на други и себеприфаќање во однос на полот, кои се сосема спротивни од теоријата и истражувањата, би требало да се обрне големо внимание на истражување на овие аспекти на прифаќањето. Односно, што е тоа што се сменило во општеството во аспект на полот, односно родовите улоги. Дали овие промени се негативни, во аспект на тоа дека се намалиле овие аспекти на прифаќањето кај мажите, или пак промените се позитивни, односно се зголемиле степените на перцепирано прифаќање на други и себеприфаќање кај жените?

Како што беше дискутирано и претходно, модерните трендови и медиуми, моментално се движат кон менување на родовите улоги. Актуелни стануваат поимите како телесно понижување или понижување за дебелина (body shaming, fat shaming), со што се намалуваат стандардите за физички изглед кај жените. Но, како што кажавме сето ова води и кон додавање на обврски и улоги кај мажите,

кои се на крстопат помеѓу традиционалната “машкост” и модерниот модел за “идеален маж”.

Тоа што беше очекувано и беше потврдено со ова истражување е дека лицата кои беа дел од ова истражување со хомосексуална ориентација имаат понизок степен на перципирано прифаќање од други и себеприфаќање, во однос на лицата со хетеросексуална ориентација. Овој наод ја поттикнува потребата од нови политики, како и развивање на специфични програми кога станува збор за лицата со хомосексуална ориентација, а посебно на мажите со хомосексуална ориентација. Иако со текот на годините бројот на здруженија кои ја застапуваат оваа популација се зголемува, сепак се поставува прашањето дали тоа што го прават е доволно и дали насоките во кои се движат се исправни? Позитивната поврзаност на аспектите на прифаќањето, како и нивната важност на добросостојбата на особата, ни укажуваат на потенцијални начини за нивно зајакнување, со што би се зголемила добросостојбата на нехетеросексуалците.

Кампањите за прифаќање на различностите не се никаква новина, но би требало да имаат позитивен резултат. Она на што ова истражување исто така укажува е важноста на себеприфаќањето. Теоријата, која ја поткрепи и ова истражување вели дека со зголемување на себеприфаќањето кај особата, се зголемува и нејзиното прифаќање на другите луѓе и обратно. Следствено, можеби поуспешни би биле програмите во кои ќе се развие себеприфаќањето кај луѓето. Доколку особата научи да се прифати себе си, со сите свои позитивни и негативни страни, со сите нешта кои ја прават иста, слична и различна со другите луѓе, тогаш таа ќе може полесно да ги прифати и другите, кои се слични или сосема различни со неа.

Освен можноста за психолошки промени на ниво на личност, ова истражување, како и другите спроведени во однос на нехетеросексуалноста во Македонија, упатуваат на неопходноста од промени во легислативата во државата. Во најмала рака, што побрзо треба да се донесат закони против дискриминација на база на сексуална ориентација, со што би требало да се зголеми перципираното прифаќање, што е позитивно поврзано со другите аспекти на прифаќање, што пак ултимативно би довело до поголема добросостојба на нехетеросексуалците.

Апликативната вредност на трудот е да даде понатамошна насока, како и сугестии за развивање на стратегии и програми за подигнување на свеста кај мнозинството во државата, што би допринело на намалување на дискриминацијата со која се соочуваат нехетеросекуалциите, како и стратегии за подобрување на нивното ментално здравје.

# РЕЗИМЕ


Во **Воведот**, се истакнува актуелноста на темата на човековата сексуалност, родовите и половите разлики, како и важноста на трите аспекти на прифаќањето – перцепирано прифаќање од други, себеприфаќање и прифаќање на други за добросостојбата на индивидуите. Ова истражување е прв обид во Македонија да се истражи поврзаноста на овие аспекти на прифаќањето, како и на проучување на нивните разлики во однос на полот и сексуалната ориентација.

Во поглавјето **Теориска позадина**, првично се дадени обиди за дефинирање на сексуалната ориентација. Понатака е презентирана историјата на сексуалните малцинства, разгледани се половите разлики во сексуалната ориентација, како и хетеронормативноста. Потоа, сексуалната ориентација е разгледана од призмата на есенцијализмот, како и на социјалниот конструктивизам. Понатака се разгледани трите аспекти на прифаќањето – перцепираното прифаќање од други, себеприфаќањето и прифаќањето на други.

Во **Релевантни истражувања** се претставени дел од бројните истражувања за односот на трите аспекти на прифаќањето, како и релевантни истражувања во однос на сексуалните малцинства и различните аспекти на прифаќањето. Потоа се разгледани и истражувањата за нехетеросексуалноста во Македонија. На крајот на ова поглавје се дадени четирите хипотези кои произлегуваат од анализата на стручната и научната литература и релевантните истражувања.

Во поглавјето **Метод** се опишани користените мерни инструменти, примерокот, постапката и применетата статистичка обработка на податоците. Во истражувањето е применет верижен примерок на лицата со хомосексуална ориентација, кој потоа е едначен врз основа на релевантните варијабли - возраст, ниво на образование, брачен и работен статус со намерен примерок со хетеросексуална ориентација. Во истражувањето учествуваа вкупно 136 испитаници кои заради едначењето беа поделени во 4 групи: 34 (25%) мажи со хетеросексуална ориентација, 34 (25%) жени со хетеросексуална ориентација, 34

(25%) мажи со хомосексуална ориентација и 34 (25%) жени со хомосексуална ориентација. Сите испитаници моментално живееа во Скопје и беа со Македонска националност. Кога станува збор за возраста, испитаниците кои учествуваа во истражувањето варираа од 20-35 години. Според релевантната варијабла ниво на образование се разликуваа две категории: 62 (45,6%) испитаници со средно, и 74 (54,4) испитаници со високо образование. Испитаниците исто така беа поделени на две категории според релевантната варијабла брачен статус на 54 (39,7) испитаници кои се и 82 (60,3%) не се во врска. Според релевантната варијабла работен статус пак, испитаниците беа поделени во три категории: 40 (29,4%) студенти, 20 (14,7%) невработени и 76 (55,9%) вработени. Во истражувањето беа користени три мерни инструменти. Првиот инструмент - Скала за перцепирано прифаќање (СПП) на Даглас Мајкл Брок, претставува скала од 44 ајтеми кои имаат цел да ја проценат перцепцијата на прифаќање во четири специфични категории на односи: пријатели (12 ајтеми), фамилија (12 ајтеми), мајка (10 ајтеми) и татко (10 ајтеми). Вториот инструмент е Скала за себеприфаќање на Бергер (ССП) која се состои од 36 ајтеми и се користи за утврдување на степенот на себеприфаќање. Третиот инструмент е Скала за прифаќање на другите на Вилијам Ф. Феј, која се состои од 20 ајтеми и служи за да се утврди степенот на прифаќање на другите кај испитаниците. Утврдена е релативно висока внатрешна хомогеност на инструментите, со вредности на кромбах алфа-коефициентите од $\alpha=0,76$ до $\alpha=0,94$. При статистичка обработка на податоците беше користен Спирманов коефициент на корелација и двофакторска анализа на варијанса за корелирани групи.

Добиените наоди се прикажани во два дела во поглавјето **Резултати**. Во првиот дел се презентирани резултатите од дескриптивните показатели на трите аспекти на прифаќањето – перцепираното прифаќање од други, себеприфаќањето и прифаќањето на други, во однос на полот и сексуалната ориентација. Во вториот дел се презентирани резултатите од тестирањето на поставените хипотези. Во однос на хипотеза А за поврзаноста на трите аспекти на прифаќањето, е добиена статистички значајна поврзаност помеѓу перцепираното прифаќање од други, себеприфаќањето и прифаќањето на други. Разгледувајќи ги наодите од хипотеза

Б, В и Г важно е да се нагласи дека интеракциски ефекти на полот и сексуалната ориентација не беа присутни ниту кај еден аспект на прифаќањето. И кај перцепираното прифаќање од други и кај себеприфаќањето беа утврдени главни ефекти и на пол и на сексуална ориентација. Кога станува збор за сексуалната ориентација, насоката на разликата ги потврди очекувањата, односно измерени се повисоки нивоа и на перцепирано прифаќање од други и на себеприфаќање кај припадниците на хетеросексуалната ориентација, во споредба со припадниците на хомосексуалната ориентација. Спротивни од очекуваното беа наодите во однос на полот, каде што жените пројавија повисоки нивоа на перцепирано прифаќање од други и себеприфаќање во споредба со мажите. Post hoc анализата која покажа дека мажите со хомосексулна ориентација имаат пониски нивоа на перцепирано прифаќање од другите и себеприфаќање во споредба со скоро сите групи, даде делумно објаснување на овие наоди. Прифаќањето на други не покажа статистички значајна поврзаност ниту со полот, ниту со сексуалната ориентација.

Во поглавјето **Дискусија** се елаборирани и анализирани добиените резултати, споредени се со слични истражувања, со постоечката научна и стручна литература. Дадени се и претпоставки за добиените резултати кои не ја поткрепуваат приложената литература и истражувања. Во рамките на ова поглавје дадени се и ограничувањата на истражувањето, како и сугестии за понатамошни истражувања, политики и програми. Добиените резултати од истражувањето упатуваат на потребата за изготвување на политика и програми со цел намалување на дискриминацијата врз база на сексуална ориентација, и зголемување на нивоата на поврзаните аспекти на прифаќањето.

Во делот насловен **Прилози**, дадени се трите инструменти кои беа применети во истражувањето на Македонски јазик.

# SUMMARY

The chapter **Introduction**, highlights the relevance on the subject of human sexuality, genders and sex differences, as well as the importance of the three aspects of acceptance – perceived acceptance by others, self-acceptance, and acceptance of others when it comes to the wellbeing of the individuals. This research is the first attempt in Macedonia to analyze the link between these aspects of acceptance, as well as studying their differences regarding sex and sexual orientation.

In the chapter **Theoretical Background**, primarily are given attempts to define the term sexual orientation. Afterward, the history of the sexual minorities is presented. Sex differences regarding sexual orientation, as well as, heteronormativity are reviewed. Afterward, there is a review of the sexual orientation by the viewpoint of essentialism, as well as by the viewpoint of social constructivism. Later on, there is a separate review of the three aspects of acceptance - perceived acceptance by others, self-acceptance, and acceptance of others.

In the chapter **Relevant Research** the numerous research regarding the association between the three aspects of acceptance, as well as the relevant research regarding the association between the sexual minorities and the different aspects of acceptance are reviewed. Afterward, the research regarding the non-heterosexuals in Macedonia is reviewed. At the end of this chapter, the four hypotheses derived from the analysis of the scientific and professional literature, and from the relevant research are given.

In the chapter **Method,** the measuring instruments, the study sample, the method, and the applied statistical data processing are described. This research uses a snowball sample of the people with homosexual orientation, which is then paired based on the relevant variables – age, level of education, marital and employment status with opportunity sample in the persons with heterosexual orientation. 136 people took part in this research, which because of the pairing were divided into 4 groups: 34 (25%) heterosexual men, 34 (25%) heterosexual women, 34 (25%) homosexual men and 34 (25%) homosexual women. All of the participants were living in Skopje and have had

Macedonian nationality. When it comes to age, the participants in this research ranged between 20 – 35 years of age. According to the relevant variable education level, there were two categories: 62 (45,6%) of the participants were high school graduates, and 74 (54,4) of the participants were university graduates. The participants were also divided into two categories based on the relevant variable marital status - 54 (39,7) of the participants were in a relationship, and 82 (60,3%) were single. There were three categories based on the relevant variable employment status: 40 (29,4%) were students, 20 (14,7%) unemployed and 76 (55,9%) employed. Three measuring instruments were used in the research. The first instrument Perceived Acceptance Scale (PAS) by Douglas Michael Brock, is a 44 items scale which aims to assess perceived acceptance in four specific categories of relationship: friends (12 items), family (12 items), mother (10 items) and father (10 items). The second instrument is Berger's self-acceptance scale (SAS) which has 20 items and is used to assess the level of self-acceptance. The third instrument is the Acceptance of Others Scale by William F. Fey, which consists of 20 items and is used to assess the participants' level of acceptance of others. The internal homogeneity for the instruments is relatively high, with Cronbach's alpha values that range from $\alpha=0,76$ to $\alpha=0,94$. Spearman's correlation coefficient and two-factor analysis of variance for correlated samples were used in the statistical data processing procedure.

The findings are presented in two parts in the chapter **Results**. The first part presents the results of descriptive indicators for the three aspects of acceptance - perceived acceptance by others, self-acceptance, and acceptance of others, within the two groups with different sexual orientation and by sex. The second part presents the results of the hypotheses testing. In Hypothesis A, regarding the correlation between the three aspects of acceptance, there was a statistically significant correlation between perceived acceptance by others, self-acceptance, and acceptance of others. Reviewing the results derived from Hypothesis B, V, and G, it's important to emphasize that there weren't any interaction effects of sex and sexual orientation in any of the three aspects of acceptance. Main effects of sex and of sexual orientation were established regarding perceived acceptance by others, as well as regarding self-acceptance. When it comes to sexual orientation, the expectations were confirmed regarding the direction of the difference,

hence, people with heterosexual orientation had higher levels of perceived acceptance by others and self-acceptance than the people with homosexual orientation. Contrary to expectations were the findings regarding sex, where women had higher levels of perceived acceptance by others and self-acceptance than men. These findings were partially explained by the post hoc analysis which demonstrated that men with homosexual orientation have lower levels of perceived acceptance by others and self-acceptance than almost every other group. Acceptance of others didn't show any statistically significant association with sex or sexual orientation.

In the chapter **Discussion**, the results with similar research and current scientific and professional literature are elaborated and analyzed. Assumptions regarding the results that don't support the theory and research are also given. Within this chapter, the limitations of the study and the suggestions for future research, policies, and programs are given. The research results point to the need for developing policies and programs to decrease sexual orientation-based discrimination and increase the levels of the associated aspects of acceptance.

In the chapter titled **Annex**, the three instruments used in the research are given in Macedonian.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Allen, R.W., Srinivas, S., and Sakamoto, S.(1997). Making room at the top: Chipping the glass ceiling. *Journal of Interdisciplinary Studies*, 10, 123-134.

American Psychological Association. (2012). Guidelines for psychological practice with lesbian, gay and bisexual clients. *American Psychologist*, 67, 10-42.

Anderson, A. L. (1998). Strengths of gay male youth: An untold story. *Child & Adolescent Social Work Journal,* 15, 55 – 71. Sexual Orientation, Controversy, and Science. *Psychological Science in the Public Interest*, 17(2): 45-101.

Auchmuty, R., Jeffreys, S. and Miller, E. (1992). Lesbian History and Gay Studies: Keeping a feminist perspective. *Women's History Review,* 1, 89-108.

Bailey, J. M. (2009). What is sexual orientation and do women have one? *Nebraska Symposium on Motivation*, 54: 43-63.

Bailey, J. M., & Pillard, R. C. (1991). A genetic study of male sexual orientation. *Archives of General Psychiatry*, 48, 1089- 1096.

Bailey J.M., Pillard R.C., Neale M.C., Agyei Y. (1993) Heritable factors influence sexual orientation in women. *Archives of General Psychiatry* 50: 217–223.

Bailey, J. M., Vasey, P. L., Diamond, L. D., Breedlove, S. M., Vilain, E., & Epprecht, M. (2016). Sexual orientation, controversy, and science. *Psychological Science in the Public Interest*, 17(2):45.

Baldwin, J.D., & Baldwin, J.I. (1997). Gender differences in sexual interest. *Archives of Sexual Behavior*, 26(2), 181-210.

Balsam, K.F., Beauchaine, T.P., Mickey, R.M. & Rothblum, E.D. (2005). Mental health of lesbian, gay, bisexual and heterosexual siblings: effects of gender, sexual orientation and family. *Journal of Abnormal Psychology*, 114(3): 471-476.

Banks, A., & Gartrell, N. K. (1995). Hormones and sexual orientation: A questionable link. *Journal of Homosexuality*, 28, 247- 268.

Bartholomew, K., & Horowitz, L. M. (1991). Attachment styles among young adults: A test of a four-category model. *Journal of Personality and Social Psychology*, 61, 226-244.

Baumeister, R.F. (2000). Gender differences in erotic plasticity: The female sex drive as socially flexible and responsive. Psychological Bulletin, 126, 347-374.

Baumeister, R.F. (2004). Gender and erotic plasticity: Sociocultural influences on the sex drive. *Sexual and Relationship Therapy*, 19, 133-139.

Berger, E. M. (1952). The relation between expressed acceptance of self and expressed acceptance of other. *Journal of Abnormal and Social Psychology*, 47, 778-782.

Berger, E.M. (1955). Relationship among acceptance of self, acceptance of others, and MMPI scores. *Journal of Counseling Psychology*, 2, 279-283.

Богдановска, А. (2016). *Анализа на законодавството во Република Македонија во однос на дискриминацијата и родов идентитет.* Скопје : Здружение за критички пристап кон родот и сексуалноста Субверзивен фронт.

Bowlby, J. (1973). *Attachment and loss. Vol. 2. Separation.* New York: Basic Books.

Brock, D. M., Sarason, I. G., Sanghvi, H., & Gurung, R. A. R. (1998). The Perceived acceptance scale: Development and validation. *Journal of Social and Personal Relationships,* 15, 5-22.

Broqua, C. (2013). Male homosexuality in Bamako: a cross-cultural and cross-historical comparative perspective. In S.N. Nyeck, & M. Epprecht (Eds.), *Sexual Diversity in Africa: Politics, Theory, and Citizenship* (pp. 208-224). Montréal: McGill-Queen's University Press.

Brown, L., & Tappan, M. B. (2008). Fighting like a girl fighting like a guy: Gender identity, ideology, and girls at early adolescence. *New Directions for Child & Adolescent Development,* 2008(120), 47-59.

Buss, D. M., & Schmitt, D. P. (1993). Sexual strategies theory: An evolutionary perspective on human mating. *Psychological Review*, 100, 204-232.

Carson S.H. & Langer E.J. (2006) Mindfulness and self-acceptance. *Journal of Rational-Emotive and Cognitive-Behavior Therapy*, 24(1): 29–43.

Cass, V. C. (1979). Homosexual identity formation: A theoretical model. *Journal of Homosexuality*, 4, 219–235.

Chamberlain, J. M., & Haaga, D. A. F. (2001). Unconditional self-acceptance and psychological health. *Journal of Rational-Emotive & Cognitive Behavior Therapy*, 19(3), 163-176.

Chandler, T. A. (1976). A note on the relationship of internality-externality, selfacceptance, and self-ideal discrepancies. *Journal of Psychology: Interdisciplinary and Applied*, 94(1), 145-146.

Chivers, M.L. (2005). A brief review and discussion of sex differences in the specificity of sexual arousal. *Sexual and Relationship Therapy*, 20, 377-390.

Chivers, M.L., Reiger, G., Latty, E., & Bailey, J.M. (2004). A Sex difference in the specificity of sexual arousal. Psychological Science, 15, 736-744.

Chivers, M.L., Seto, M.C., Blanchard, R. (2007). Gender and sexual orientation differences in sexual response to sexual activities versus gender of actors in sexual films. *Journal of Personality and Social Psychology*, 93, 1108-1121.

Cochran, S. D. (2001). Emerging issues in research on lesbians and gay men's mental health: Does sexual orientation really matter? *American Psychologist*, 56, 931–947.

Connell, R., & Messerschmidt, J. (2005). Hegemonic Masculinity: Rethinking the Concept. *Gender & Society*, 19(6), 829-59.

Coombs, M. (1996). Comment: Between Women/Between Men: The Significance for Lesbianism of Historical Understandings of Same-(Male)Sex Sexual Activities. *Yale Journal of Law & the Humanities, 8(1), 241-261.*

Coons, W. H., McEachern, D. L., & Annis, H. (1973). Self-acceptance, acceptance-of-others, and verbal conditioning with mental hospital patients. *Canadian Journal of Behavioural Science/Revue Canadienne Des Sciences Du Comportement*, 5(3), 290–296.

Dane, S. K., & MacDonald, G. (2009). Heterosexual acceptance predicts the well-being of samesex attracted young adults beyond in-group support. *Journal of Social and Personal Relationships*, 26, 659–677.

DeLamater, J. D., & Hyde, J. S. (1998). Essentialism vs. social constructionism in the study of human sexuality. *Journal of Sex Research, 35*, 10-18.

Denmark, K. L. (1973). Self-acceptance and leader effectiveness. *Journal of Extension,* 11 , 6–12.

Diamond, L.M. (2008). *Sexual fluidity: Understanding women's love and desire.* Cambridge, MA: Harvard University Press.

Dickemann, M. (1995). Wilson's Panchreston: The inclusive fitness hypothesis of sociobiology re-examined. *Journal of Homosexuality*, 28, 147-183.

Димитров, Д. и Костовски, Д. (2013). *Општество, род, сексуално здравје и МСМ во Македонија: Истражување во заедницата*. ХЕРА.

Drescher, J. (2015). Out of DSM: Depathologizing Homosexuality. *Behavioral Sciences*, 5(4), 565–575.

Eagly, A.H., & Wood, W. (1999). The origins of sex differences in human behavior: Evolved dispositions versus social roles. *American Psychologist*, 54(6), 408-423.

Esterberg, K.G. (1994). From Accommodation to Liberation: A Social Movement Analysis of Lesbians in the Homophile Movement. *Gender and Society*, 8: 424–43.

Fey, W. F. (1954). Acceptance of self and others, and its relation to therapy-readiness. *Journal of Clinical Psychology*, 10, 269-271.

Fey, W. F. (1955). Acceptance by others and its relation to acceptance of self and others: A revaluation. *Journal of Abnormal and Social Psychology*, 50, 274–276.

Floyd, F. J., Stein, T. S., Harter, K. S. M., Allison, A., & Nye, C. A. (1999). Gay, lesbian, and bisexual youths: Separation-individuation, parental attitudes, identity consolidation, and wellbeing. *Journal of Youth and Adolescence*, 28, 719 – 739.

Fredrickson, B. L., & Roberts, T.-A. (1997). Objectification Theory: Toward Understanding Women's Lived Experiences and Mental Health Risks. *Psychology of Women Quarterly*, 21(2), 173–206.

Galupo, M.P., Mitchell, R.C., Grynkiewicz, A.L., & Davis, K.S. (2014), Sexual Minority Reflections on the Kinsey Scale and the Klein Sexual Orientation Grid: Conceptualization and Measurement. *Journal of Bisexuality*, 14:3-4, 404-432.

Harper, G.W., Brodsky, A., & Bruce, D. (2012): What's Good About Being Gay? Perspectives from Youth, *Journal of LGBT Youth*, 9:1, 22-41.

Giannouli, V. & Stoyanova, S. (2014*). The Factor Structure and Psychometric Properties of the Greek Version of Career Motivational Types* (CMT-Q): Cross-Cultural Comparison in Greece and Bulgaria. Archives of Assessment Psychology, 4 (1), 27-47.

Gilbert, A. N. (1981). Conceptions of Homosexuality and Sodomy in Western History. *Journal of Homosexuality*, 6 (1/2) 57-68.

Groneberg, M. (2005). Myth and Science around Gender and Sexuality: Eros and the Three Sexes in Plato's Symposium, *Diogenes* 52(4), 39- 49.

Hamer, D. H., Hu, S., Magnuson, V. L., Hu, N., & Pattatucci, A. M. L. (1993). A linkage between DNA markers and the X chromosome and male sexual orientation. *Science*, 261, 321-327.

Hatfield, E., Sprecher, S., Pillemer, J.T., Greenberger, D., & Wexler, P. (1989). Gender differences in what is desired in the sexual relationship. *Journal of Psychology and Human Sexuality*, 1 (2), 39-52.

Hegarty, P., Pratto, F., & Lemieux, A. F. (2004). Heterosexist ambivalence and heterocentric norms: Drinking in intergroup discomfort. *Group Processes & Intergroup Relations,* 7, 119-130.

Herek, G. M. (1988). Heterosexuals' attitudes toward lesbians and gay men: Correlates and gender differences. *The Journal of Sex Research*, 25(4), 451-477.

Herek, G. M., & Capitanio, J. P. (1996). Some of my best friends: Intergroup contact, concealable stigma, and heterosexuals' attitudes toward gay men and lesbians. *Personality and Social Psychology Bulletin,* 22(4), 412- 424.

Hershberger, S. L., & D'Augelli, A. R. (1995). The impact of victimization on the mental health and suicidality of lesbian, gay, and bisexual youths. *Developmental Psychology,* 31, 65–74.

Herz, M., Johansson, T. (2015). The normativity of the concept of heteronormativity. *Journal of Homosexuality,* 62(8): 1009–1020.

Hill, R. P. (2002). Compassionate Love, Agape, and Altruism: A New Framework for Understanding and Supporting Impoverished Consumers. *Journal of Macromarketing,* 22: 19–31.

Huebner, D. M., Rebchook, G. M., & Kegeles, S. M. (2004). Experiences of harassment, discrimination, and physical violence among young gay and bisexual men. *American Journal of Public Health,* 94, 1200–1203.

Ilikbaev, A. (2017). *A Great Divide on Homosexuality in the Contemporary World: How Do Attitudes Change?* (Unpublished master's thesis). University of Tampere, Tampere, Finland.

Kerns, J. G., & Fine, M. A. (1994). The relation between gender and negative attitudes toward gay men and lesbians: Do gender role attitudes mediate this relation? *Sex Roles,* 31, 297-307.

Kinnish, K.K., Strassberg D.S., Turner, C.W. (2005). Sex differences in the flexibility of sexual orientation: A multidimensional retrospective assessment. *Archives of Sexual Behavior*, 34, 175-183

Kinsey, A. C., Pomeroy, W.B., & Martin, C.E. (1948). *Sexual behavior in the human male*. Philadelphia, PA: Saunders.

Kite, M. E., & Whitley, B. E., Jr. (1996). Sex differences in attitudes toward homosexual persons, behavior, and civil rights. *Personality and Social Psychology Bulletin*, 22, 336-353.

Kitzinger, C. (2005). Heteronormativity in action: Reproducing the heterosexual nuclear family in after-hours medical calls. Social Problems, 52, 477-498.

Klein, F., Sepekoff, B., & Wolf, T. I. (1985). Sexual orientation: A multi-variable dynamic process. *Journal of Homosexuality*, 11, 35-49.

Kozmina, L.B. (2013) The Self and Self-esteem as Predictors of Psychological Well-being of Individual Students-Psychologists. *Historical and Socio-Educational Thought*, 1 (17), pp. 193–197.

Laios, K., Moschos, M. M., Koukaki, E., Kontaxaki, M. I., Androutsos, G. (2017). Homosexuality according to ancient Greek physicians. *Psychiatriki*, 28(1):60-66.

LaMar, L., & Kite, M. E. (1996). Sex differences in attitudes toward gay men and lesbians: A multi-dimensional perspective. *Journal of Sex Research*, 35, 189-196.

Leigh, B.C. (1989). Reasons for having and avoiding sex. *Journal of Sex Research*, 38-199-209.

LeVay, S. (1991). A difference in hypothalamic structure between heterosexual and homosexual men. *Science*, 253, 1034-1037.

Lippa, R.A. (2006). Is high sex drive associated with increased sexual attraction to both sexes? It depends on whether you are male or female. *Psychological Science*, 17, 46-52.

Lombardo, J. P., & Berzonsky, M. D. (1975). Locus of reinforcement control, self-image disparity, and self-acceptance: A replication. *Journal of Genetic Psychology*, 127(1), 147-148.

Luhtanen, R. K. (2002). Identity, Stigma Management, and Well-Being. *Journal of Lesbian Studies*, 7(1), 85–100.

Mangen, D. J. & Peterson, W. A. (1982). *Research instruments in social gerontology*. Minneapolis, MN: University of Minnesota.

Mereish, E. H., O'Cleirigh, C., & Bradford, J. B. (2014). Interrelationships between LGBT-based victimization, suicide, and substance use problems in a diverse sample of sexual and gender minorities. *Psychology, Health, & Medicine*, 19, 1-13.

Merenda, P. F. (2010). Similarities between Prescott Lecky's Theory of Self-Consistency and Carl Rogers' Self-Theory. *Psychological Reports*, 107(2), 647–658.

Millis, J.K., Mcgrath, D., Sobkoviak, P., Stupec, S., & Welsh, S. (1995). Differences in Expressed Racial Prejudice and Acceptance of Others. *The Journal of Psychology*, 129(3), 357-359.

Mladenovic, N. (n.d.). *Study on Homophobia, Transphobia and Discrimination on Grounds of Sexual Orientation and Gender Identity- Legal Report: "The former Yugoslav Republic of Macedonia".* The Danish Institute for Human Rights. https://www.coe.int/t/Commissioner/Source/LGBT/FYROMLegal_E.pdf

Oliver, M.B., & Hyde, J.S. (1993). Gender differences in sexuality: A meta-analysis. Psychological Bulletin, 114, 29-51.

Omwake, K. T. (1954). The relation between acceptance of self and acceptance of others shown by three personality inventories. *Journal of Consulting Psychology*, 18, 443-446.

Peplau, L.A. (2001). Rethinking women's sexual orientation: An interdisciplinary, relationship-focused approach. *Personal Relationships*, 8, 1-19.

Perlman, S.F. (1987). The saga of continuing clash in lesbian community, or why an army of ex-lovers fail? In Boston Lesbian Psychologies Collective (Ed.), *Lesbian psychologies: Explorations and challenges* (pp. 313-326). Urbana, IL: University of Illinois Press.

Popov, S., Radanović, J., & Biro, M. (2016). Unconditional Self-Acceptance and Mental Health in Ego-Proviking Experimental Context. *Suvremena Psihologija*, 19(1), 71–80.

Records , C. (2010). "When Sex Has Lost its Significance": Homosexuality, Society, and Roman Law in the 4th Century. *UCR Undergraduate Research Journal*, 4, 25-32.

Regan, P.C., & Berscheid, E. (1996). Beliefs about the state, goals, and objects of sexual desire. *Journal of Sex and Marital Therapy*, 22, 110-120.

Richter J, Richter G, Eisemann M, Seering B, Bartsch M. (1994). Depression, perceived parental rearing, and selfacceptance. *European Psychiatry* 10: 290–296.

Riess, H. (2017) The Science of Empathy. *Journal of Patient Experience*, 4(2) 74-77.

Rigby, K., & Bortolozzo, G. (2013). How schoolchildren's acceptance of self and others relate to their attitudes to victims of bullying. *Social Psychology of Education*, 16, 181-197.

Risman, B. & Schwartz, P. (1988). Sociological research on male and female homosexuality. *Annual Review of Sociology*, 14, 125–147.

Rogers, C. R. (1940). The processes of therapy. *Journal of Consulting Psychology*, 4(5), 161-164.

Rogers, C. R. (1951). *Client-centered therapy*. Boston: Houghton-Mifflin.

Rogers, C. R. (1961). *On Becoming a Person: A Therapist's View of Psychotherapy*. Boston: Houghton-Mifflin.

Rogers, C. R. (1992). The necessary and sufficient conditions of therapeutic personality change. *Journal of Consulting and Clinical Psychology*, 60(6), 827-832.

Rogers, C. R. (1995). What understanding and acceptance means to me. *Journal of Humanistic Psychology,* 35, 7–22.

Rosario, M., Schrimshaw, E. W., Hunter, J., & Braun, L. (2006). Sexual identity development among lesbian, gay, and bisexual youths: Consistency and change over time. *Journal of Sex Research*, 43, 46–58.

Ross, M. W. (1983). Femininity, masculinity, and sexual orientation: Some cross-cultural comparisons. *Journal of Homosexuality*, 9, 27-36.

Rubin, G. (1984) The Traffic in Women: Notes on the Political Economy of Sex. In Pleasure and Danger by C. Vance (Ed.). New York: RoutledgeRubin, I. M. (1967). Increased self-acceptance: A means of reducing prejudice. *Journal of Personality and Social Psychology*, 5(2), 233-238.

Russell, T. B.; McGuire, J.K. & Russell, S.T. (2012). Heteronormativity, school climates, and perceived safety for gender nonconforming peers. *Journal of adolescence*, 35(1): 187-196.

Ryff, C. D., Keyes, C. L. M., & Hughes, D. L. (2003). Status inequalities, perceived discrimination, and eudaimonic well-being: Do the challenges of minority life hone purpose and growth? *Journal of Health and Social Behavior*, 44 , 275–291.

Sakalli, N. (2002). Pictures of male homosexuals in the heads of Turkish college students: The effect of sex difference and social contact on stereotyping. *Journal of Homosexuality*, 43(2), 111-126.

Sheerer, E. T . (1949) An Analysis of the Relationship Between Acceptance of and Respect for Self and Acceptance of and Respect for Others in Ten Counseling Cases. *Journal of Consulting Psychology*, XIII 169-175.

Shepard, L. A. (1979). Self-acceptance: The evaluative component of the self-concept construct. *American Educational Research Journal*, 16(2), 139-160.

Spielberger, C.D., Sarason, I.G., Brebner, J.M.T, Greenglass, E., Laungani, P., & O'Roark, A.M. (Eds.) (1996). *Stress and emotion: Anxiety, anger, and curiosity* (Vol. 16). New York: Hemisphere/Taylor & Francis.

Stock, D . (1949). An Investigation, into the interrelations Between the Self Concept and Feelings Directed Toward Other Persons and Groups. *Journal of Consulting Psychology*, 13, 176-180.

Стојановски, К. (2016). *Дискриминација, насилство и малтретирање врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет: истражувачки извештај*. Скопје: Здружение за критички пристап кон родот и сексуалноста Субверзивен фронт.

Стојановски, К. (2017). *Без закони, сѐ е џабе - потребите на ЛГБТ заедницата во Македонија : истражувачки извештај*. Скопје : Здружение за критички пристап кон родот и сексуалноста Субверзивен фронт.

Suinn, R. M. (1961). The relationship between self-acceptance and acceptance of others: A learning theory analysis. *The Journal of Abnormal and Social Psychology*, 63(1), 37-42.

Suinn, R. M., & Hill, H. (1964). Influence of anxiety on the relationship between self--acceptance and acceptance of others. *Journal of Consulting Psychology*, 28(2), 116-119.

Szentagotai, A., & David, D. (2013). Self-acceptance and happiness. In M. Bernard (Ed.), *The strength of self-acceptance: Theory, practice and research* (pp. 121–139). New York: Springer.

Szymanski, D. M., & Mikorski, R. (2016). External and internalized heterosexism, meaning in life, and psychological distress. *Psychology of Sexual Orientation and Gender Diversity*, 3, 265-274.

Taylor, C., & Combs, A. W. (1952). Self-acceptance and adjustment. *Journal of Consulting Psychology*, 16(2), 89–91.

Thamm, R. (1972) Self-Acceptance and Acceptance of Others: An Exploration Into Personality Syndromes. *Transactional Analysis Journal*, 2(4), 41-49.

Trent, R. D. (1957). The relation between expressed self-acceptance and expressed attitudes toward Negroes and whites among Negro children. *Journal of Genetic Psychology*, 91, 25-31.

Trivers, R. (1972). Parental investment and sexual selection. In: *Sexual selection and the descent of man* 1871-1971 (B. Campbell, ed.), pp. 139-179. Chicago, Aldine Press.

Troiden, R. R. (1989). The formation of homosexual identities. *Journal of Homosexuality*, 17 (1/2), 43-73.

Trumbach, R. (1977). London's Sodomites: Homosexual Behavior and Western Culture in the 18th Century. *Journal of Social History*, 11(1), 1–33.

Tudor, K. (2011). Understanding empathy. *Transactional Analysis Journal*, 41(1), 39–57.

Verstraete, B. C. (1980). Slavery and the Social Dynamics of Male Homosexual Relations in Ancient Rome. *Journal of Homosexuality* 5, 227-236.

Vincke, J., & Van-Heeringen, K. (2004). Summer holiday camps for gay and lesbian young adults: An evaluation of their impact on social support and mental well-being. *Journal of Homosexuality*, 47, 33 – 46.

Врангалова, С. (2006). *Мистерија на сексуалната ориентација: Современи концепти и македонски перспективи*. Скопје: Егал.

Warner, M. (1991). Introduction: Fear of a queer planet. *Social Text*, 29, 3-17.

Wilkinson, W. W. (2006). Exploring heterosexual women's anti-lesbian attitudes. *Journal of Homosexuality*, 51(2), 139-155.

Wilkinson, W. W. (2008). Threatening the patriarchy: Testing an explanatory paradigm of anti-lesbian attitudes. *Sex Roles*, 59, 512-520.

Williams, J. E. (1962). Acceptance by others and its relationship to acceptance of self and others: A repeat of Fey's study. *The Journal of Abnormal and Social Psychology*, 65(6), 438-442.

Williams, J. C., & Lynn, S. J. (2010). Acceptance: An historical and conceptual review. *Imagination, Cognition and Personality*, 30, 5–56.

# ПРИЛОЗИ

## Прилог 1

### Скала за перцепирано прифаќање: СПП од Даглас Мајкл Брок

Следниве прашања се однесуваат на вашата врска со вашите пријатели и вашата фамилија. Ве молам одговорете на следниве прашања со назначување на степенот во кој тие се точни или типични за вашата врска.

1: Воопшто не се согласувам

2: Не се согласувам

3: Ниту се согласувам, ниту не се согласувам

4: Се согласувам

5: Сосема се согласувам

____ 1. Јас сум многу важен дел од животот на моите пријатели.

____ 2. Мајка ми ме има разочарано во многу прилики.

____ 3. Моите родители се спротиставуваа на голем број работи што ги правев.

____ 4. Татко ми често ме казнуваше.

____ 5. Понекогаш се прашувам дали им се допаѓам на другите луѓе.

____ 6. Мајка ми е секогаш 'тука за мене' кога ми е потребна.

____ 7. Моите родители генерално имаа доверба во моето донесување одлуки.

____ 8. Понекогаш, татко ми ме направил да се чувствувам неприфатено.

____ 9. Моите пријатели често ми покажуваат дека се грижат за мене.

____ 10. Мајка ми ме направи да се чувствувам вистински прифатено.

____ 11. Јас сум многу важен дел од моето семејство.

____ 12. Татко ми никогаш вистински не ме разбра.

____ 13. Секогаш можам да сметам на моите пријатели.

____ 14. Мајка ми ме сака и се грижи за мене без разлика на тоа што ќе направам или што ќе кажам.

____ 15. Често се чувствувам изоставено од нештата во однос со мојата фамилија.

____ 16. Се чувствам удобно 'да бидам себеси' со мојот татко.

____ 17. Моите пријатели се осетливи на моите лични потреби.

____ 18. Мајка ми никогаш вистински не ме разбра.

____ 19. Понекогаш се прашувам дали и се допаѓам на мојата фамилија.

____ 20. Татко ми е секогаш 'тука за мене' кога ми е потребен.

____ 21. Често се чувствувам изоставено од нештата во односите со другите луѓе.

____ 22. Се чувствам удобно 'да бидам тој/таа што сум' со мојата мајка.

____ 23. Членовите на мојата фамилија често ми покажуваат дека се грижат за мене.

____ 24. Татко ми ме направи да се чувствувам вистински прифатено.

____ 25. Ги доверувам моите најдлабоки тајни на моите пријатели.

____ 26. Понекогаш, мајка ми ме правеше да се чувствувам неприфатено.

____ 27. Секогаш можам да се потпрам на мојата фамилија.

____ 28. Татко ми ме сака и се грижи за мене без разлика на тоа што ќе направам или што ќе кажам.

____ 29. Се чувствувам како да сум на маргините од мојата група на пријатели.

____ 30. Мајка ми често ме казуваше.

____ 31. Мојата фамилија е осетлива на моите лични потреби.

____ 32. Татко ми ме има разочарано во многу прилики.

____ 33. Понекогаш чувстувам дека моите пријатели мислат дека не сум добар пријател.

____ 34. Мајка ми секогаш пазеше да не ги повреди моите чувства.

____ 35. Ги доверувам моите најдлабоки тајни на мојата фамилија.

____ 36. Татко ми секогаш пазеше да не ги повреди моите чувства.

____ 37. Често се чувствува како моите пријатели да не ме разбират.

____ 38. Мајка ми ми верува дека ќе го направам она што е најдобро за мене.

____ 39. Често се чувствува како мојата фамилија да не ме разбира.

____ 40. Татко ми ми верува дека ќе го направам она што е најдобро за мене.

____ 41. Се чувствувам како да сум на маргините од семејните односи.

____ 42. Понекогаш се чувстувам како мојата фамилија да не ме смета за добар член на фамилијата.

____ 43. Моите пријатели се спротиставуваа на голем број работи што ги правев.

____ 44. Моите пријатели генерално имаа доверба во моето донесување одлуки.

# Прилог 2

## Скала за себеприфаќање на Бергер

Следат 36 тврдења кои се во врска со некои од вашите ставови. Секако, нема точен или погрешен одговор за било кое тврдење. Најдориот одговор за секое тврдење е тоа кое сметате дека се однесува на вас. Ве молам, одговарајте на секое тврдење според следниов клуч:

1. Сосема невистинито за мене
2. Делумно вистинито за мене
3. Половично вистинито за мене
4. Често вистинито за мене
5. Вистинито за мене

____ 1. Би ми се допаднало доколку можам да најдам некој кој ќе ми каже како да ги решам моите лични проблеми.

____ 2. Не се сомневам во мојата вреднст како личност, дури и ако мислам дека другите се сомневаат.

____ 3. Кога луѓето кажуваат фини работи за мене, тешко ми е да поверувам дека навистина го мислат тоа. Мислам дека можеби се шегуваат со мене или едноставно не се искрени.

____ 4. Едноставно не можам да поднесам било каков критицизам или ако некој каже било што за мене.

____ 5. Не зборувам многу на социјални настани затоа што се плашам дека луѓето ќе ме критикуваат или ќе ми се смеат ако кажам нешто погрешно.

____ 6. Сфаќам дека не живеам многу ефективно, но едноставно не верувам дека можам да ја искористам мојата енергија на подобри начини.

____ 7. Гледам на повеќето чувства и импулси што ги имам кон луѓето како мошне природни и прифатливи.

____ 8. Нешто во мене едноставно не ми дозволува да бидам задоволен/на со било која работа која сум ја направил/а – доколку излезе добро, имам многу вообразено

чувство дека тоа е под мене, не треба да бидам задоволен/на со тоа, ова не е фер тест.

____ 9. Се чувствувам различен/на од другите луѓе. Би сакал/а да го имам чувството на сигурност што доаѓа со знаењето дека не сум многу поразличен/на од другите.

____ 10. Се плашам луѓето што ми се допаѓаат да откријат каков/ва сум навистина, од страв дека ќе бидат разочарани од мене.

____ 11. Често сум вознемирен/а од чувства на инфериорност.

____ 12. Заради другите луѓе, не сум бил/а во можност да постигнам толку колку што сум требал/а.

____ 13. Прилично сум срамежлив/а и нервозен/на во социјални ситуации.

____ 14. Со цел да се спријателам и да им се допаднам на другите, се стремам да бидам она што луѓето очекуваат да бидам, наместо било што друго.

____ 15. Се чини дека имам вистинска внатрешна сила во справувањето со нештата. Јас сум на прилично цврста основа и тоа ме прави прилично сигурен/на во себе.

____ 16. Се чувствувам нервозно кога сум со луѓе кои имаат посупериорна позиција од мене.

____ 17. Мислам дека сум невротичен/на или така нешто.

____ 18. Многу често не се трудам да бидам пријателски настроен/а со луѓето затоа што мислам дека нема да им се допаднам.

____ 19. Чувствувам дека сум личност која вреди, на еднакво ниво со другите.

____ 20. Не можам да избегнам да се чувствувам виновен/на за начинот на кој што се чувствувам спрема одредени луѓе во мојот живот.

____ 21. Не се плашам да запознавам нови луѓе. Чувствувам дека сум личност која вреди и нема причина зошто да не им се допаднам.

____ 22. На некој начин јас само половично верувам во себе си.

____ 23. Многу сум чувствителен/на. Луѓето кажуваат работи и јас имам тенденција да мислам дека ме критикуваат или навредуваат на некој начин и

подоцна кога ќе размислам за тоа, сфаќам дека тие можеби не мислеле воопшто нешто такво.

____ 24. Мислам дека имам одредени способности и другите кажале дека имам, но се прашувам дали им давам поголемо значење отколку што заслужуваат.

____ 25. Се чувствувам сигурен/на дека можам да направам нешто за проблемите кои можат да се јават во иднина.

____ 26. Понекогаш малку се преправам за да ги воодушевам луѓето. Знам дека не сум личноста која се преправам дека сум.

____ 27. Не се грижам или осудувам себе си ако другите луѓе ме осудуваат.

____ 28. Не се чувствувам многу нормално, но сакам да се чувствувам нормално.

____ 29. Кога сум во група најчесто не зборувам многу од страв дека ќе кажам нешто што не треба.

____ 30. Имам тенденција да ги одбегнувам моите проблеми.

____ 31. Дури и кога луѓето мислам добро за мене, се чувствувам виновно на некој начин затоа што знам дека мора да ги измамувам – дека доколку сум навистина себе си, тие нема да мислат добро за мене.

____ 32. Чувствувам дека сум на исто ниво како другите луѓе и дека тоа помага да воспоставам добри односи со нив.

____ 33. Чувствувам дека луѓето се склони да реагираат различно на мене, отколку што би реагирале нормално на други луѓе.

____ 34. Премногу живеам според стандардите на другите луѓе.

____ 35. Кога треба да се обратам на група, станувам нервозен/на и имам потешкотии добро да се изразам.

____ 36. Доколку немав секогаш толку лоша среќа, ќе постигнев многу повеќе од тоа што имам постигнато.

# Прилог 3

## Скала за прифаќање на другите

На Вилијам Ф. Феј

Подолу ќе најдете 20 искази кои се занимаваат со некои од вашите чувства и ставови за другите луѓе. Прочитајте го внимателно секој исказ и одлучете колку е вистинит секој исказ за вас. Користејќи ја придружната скала во следната колона, напишете го бројот кој го означува вашето чувство за исказот на местото обезбедено на листот за одговарање. Обрнете внимание на вашиот прв одговор и обидете да не се задржите предолго на било кој исказ.

1. Скоро секогаш вистинито
2. Често вистинито
3. Вистинито половина од времето
4. Само понекогаш вистинито
5. Многу ретко вистинито

___ 1. Луѓето се лесно заводливи.

___ 2. Ми се допаѓаат луѓето кои ги запознавам.

___ 3. Луѓето денес имаат прилично ниски морални стандарди.

___ 4. Повеќето луѓе се прилично самобендисани, и никогаш навистина не се соочуваат со нивните лоши страни.

___ 5. Можам да се чувствувам удобно со скоро секакви луѓе.

___ 6. Се за што луѓето зборуваат деновиве се чини дека се филмови, ТВ и слични глупости.

___ 7. Луѓето напредуваат со "врски", а не заради нивното знаење.

___ 8. Ако еднаш почнеш да им правиш услуги на луѓето, тие само ќе те прегазат.

___ 9. Луѓето се премногу егоцентрични.

___ 10. Луѓето се секогаш незадоволни со тоа што го имаат.

___ 11. Со многу луѓе не знаеш на што си.

___ 12. Веројатно мора и да повредиш некој доколку сакаш да успееш.

___ 13. На луѓето навистина им е потребен силен, паметен лидер.

___ 14. Најмногу уживам кога сум сам/а, далеку од луѓе.

___ 15. Посакувам луѓето да се поискрени.

___ 16. Уживам да бидам опкружен/а со многу луѓе.

___ 17. Според моето искуство луѓето се прилично тврдоглави и неразумни.

___ 18. Можам да уживам кога сум со луѓе чии вредности се различни од моите.

___ 19. Секој се труди да биде фин.

___ 20. Просечниот човек не е многу задоволен со сам себе.